УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ ИМЕТОДИЈ”

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

Институт за социологија

Постдипломски студии


# Социјалните и економските аспекти на сиромаштијата во периодот на транзиција и глобализација во Република Македонија

-магистерски труд -


Ментор: проф. д-р Илија Ацески

Кандидат: Трпе Туфекчиев


Скопје,2012

# Содржина:

**Вовед** ........................................................................................ 1

**1. Дефинирање на сиромаштијата** ........................................................................................6

1.1.Дихотомијата апсолутна – релативна сиромаштија како една од позначајните определби на сиромаштијата ........................................................................................8

1.1.1. Апсолутна сиромаштија ........................................................................................8

1.1.2. Релативна сиромаштија ........................................................................................ 11

1.2. Теории кои ја објаснуваат сиромаштијата ........................................................................................ 13

1.2.1. Теорија на модернизација ........................................................................................ 14

1.2.2. Теорија на зависност ........................................................................................10

1.2.3. Индивидуалистичка теорија ........................................................................................ 16

1.2.4. Културн и теории ........................................................................................ 17

1.2.5. Прогресивна теорија ........................................................................................ 19

1.3.Причини за сиромаштија ........................................................................................20

**2. Глобализацијата и сиромаштијата** ........................................................................................ 23

2.1.Дефинирање на поимот глобализација и економска глобализација ........................ 23

2.1.1. Глобализацијата како производ на капитализмот ........................................ 25

2.1.2. Глобализацијата како модернизација ........................................ .27

2.2.Економската глобализација и нејзиното влијание врз сиромаштијата ........ 28

2.3. Глобализацијата не е/ е причина за сиромаштијата ........................................ 31

**3. Земјите во транзиција и сиромаштијата** ........................................ 37

3.1.Феноменот на транзиција ........................................................................................ 38

3.2. Сиромаштијата во некои од земјите во транзиција ........................................ 41

3.2.1. Република Хрватска ........................................ 42
3.2.2. Република Чешка ........................................ 45
3.2.3. Република Словенија ........................................ 47

**4. Транзициониот процес и глобализацијата – состојбата во Република Македонија** ........................................ 49

4.1. Македонското општество: пред и за време на транзицијата ........................................ 49
4.1.1. Основни карактеристики и процеси на транзицијата во РМ ........................................ 51
4.1.2. Процесот на приватизација во РМ ........................................ 53
4.1.3. Компаративна анализа на приватизацијата во Македонија и другите земји во транзиција (Словенија, Полска, Хрватска) ........................................ 60
4.2. Глобални трендови кои имаат влијание на општествено – економската структура на македонското општество ........................................ 66
4.2.1. Влијание на светската економска криза врз македонското општество ........................................ 68
4.2.2. Влијание на странските директни инвестиции врз македонското општество 71
4.2.3. Милениумските развојни цели на Обединетите нации (ОН) ........................................ 75
4.3. Социјалните и економските аспекти на сиромаштијата во РМ за време на процесот на транзиција ........................................ 82
4.3.1. Демографскиот аспект на македонското општество ........................................ 82
4.3.2. Квалитет на живот во РМ ........................................ 84
4.3.3. Образование ........................................ 90
4.3.4. Здравствена состојба и заштита ........................................ 91
4.3.5. Домување ........................................ 93
4.4. Невработеноста како една од главните социјално – економски аспекти на македонското општество во транзиција ........................................ 94
4.4.1. Видови невработеност ........................................ 97
4.4.2. Мерење на невработеноста ........................................ 99
4.4.3. Актуелната состојба на невработеност во Република Македонија ........................................ 99

**5. Заклучни согледувања** ........................................ 104

**6. Листа на табели и графикони** ........................................ 109

**7. Библиографија** ........................................................................... 110

# Вовед

Сиромаштијата е проблем од светски рамки, и токму затоа се правени и се прават бројни истражувања, меѓутоа, пожелно е да признаеме дека во нашата земја, истражувањата од ваков тип се многу ретки. Несомнено, сиромаштијата како општествен проблем, е прилично благородна тема за истражување која може да открие многу односи кои дотогаш не биле познати. Како на пример, голем број истражувања, посебно во Обединетото Кралство, укажуваат на тоа дека сиромаштијата е проблем со политичка позадина. Се оди доттаму што одредени истражувачи како Пит Алкок, Беатрис Веб и други, настојуваат да ја прикажат сиромаштијата како политички концепт.

Имено, научниот интерес за дефинирање и мерење на сиромаштијата, отсекогаш (или барем во последните 150 години) бил во тесна релација со обидите да се применат таквите дефиниции и истражувања за да се влијае врз развојот и реформите на политички план.

Понатаму, истражувањата за сиромаштијата може да ги откријат причините а и последиците од постоењето на сиромаштијата, да ги лоцираат оние групи во кои таа постои и слично.

Затоа, сметам дека едно истражување за сиромаштијата, посебно во општествените околности во кои се наоѓа Македонија, секогаш би било добродојдено и корисно од аспект на сфаќањето и разбирањето на сиромаштијата и сите нејзини придружни појави (социјална ексклузија, невработеност, глад, болести и сл). Се вели „намалување", бидејќи сосема е ирационално да се мисли дека сиромаштијата може да се „искорени". Одамна повеќето релевантни истражувачи од оваа област се помирија со фактот дека сиромаштијата ќе постои се додека постои и нееднаквоста, а нееднаквоста пак, ќе постои се додека постојат самите луѓе.

Во ова истражување, главниот акцент ќе биде ставен на социо-економските аспекти на феноменот на сиромаштијата во рамките на процесот на транзиција во Република Македонија, кој пак е иницииран од процесот на

глобализација. Кога зборуваме за социо-економските аспекти на сиромаштијата, во овој труд предвид ќе се имаат основните и најзначајните социјални и економски аспекти на сиромаштијата кои се карактеристични за македонското општество. Треба притоа да напоменеме дека всушност, социоекономските аспекти во најголем дел во овој труд се однесуваат на социоекономските проблеми во РМ, кои произлегуваат од состојбата на сиромаштија. Оттука, факт е дека односот меѓу социјалните и економските проблеми е причинско – последичен, па оттука тие дејствуваат како инхибитори на реформските процеси кои треба да ја подобрат состојбата од аспект на сиромаштијата.

На почетокот само ќе ги наведеме тие основни социо-економски аспекти, за во понатамошниот дел од трудот, истите тие бидат детално дефинирани и објаснети. Па така, во македонското општество, како најзначајни социо – економски аспекти се појавуваат: **високиот процент на невработени лица** (околу 30%) при што, треба да се истакне дека невработеноста во РМ претставува еден од најмаркантните облици на деградација и осиромашување на населението, потоа **негативните демографски појави** (имиграција на значителен дел од населението, посебно младите), па следува **нискиот животен стандард** (кој, патем, Државниот завод за статистика на РМ го мери според податоците за стапката на сиромаштија, потрошувачката на домаќинствата, како и со помош на податоците за користење на времето и балансирањето меѓу работата и семејството). Меѓу најзначајните социо – економски аспекти е и состојбата со**Бруто домашниот приход** (БДП во понатамошниот текст), кој всушност се смета за еден од најрелевантните индикатори со кои се мери економската сила на една земја, а во основа, претставува збир на вредноста на вкупно произведените финални добра и услуги на една земја во текот на една година. Треба да се прави разлика помеѓу БДП и БНП (Бруто национален приход), кој пак, претставува збир на вредноста на вкупно произведените финални добра и услуги за една година во една земја,плус приходите од граѓаните на таа земја кои живеат во странство,

минус приходите на оние кои не се граѓани на таа земја (http://www.investorwords.com/2186/GNP.html). Во оваа смисла, РМ има релативно низок БДП, што говори за нискиот економски раст, кој пак, има значајно влијание врз состојбата на сиромаштија. Меѓутоа, според анализите на дистрибуцијата на приходите во транзиционите земји, меѓу кои е и Македонија, се покажува дека економскиот раст на земјата има влијание, иако, далеку поголемо влијание врз приходите имаат економскиот статус на членовите на домаќинствата и дејностите во кои тие се вработени (Доневска, Димитриевска и Новковска, 2011:42).

Како значајни социо – економски аспекти на сиромаштијата во РМ ќе бидат спомнати и**образованието, здравствена заштита и домувањето**.

Во оваа група, под влијание на претходно споменатите социо – економски аспекти, спаѓа и т.н. **сива економија,** активност кон која прибегнуваат голем дел од граѓаните, поттикнати од состојбите на оттуѓеност и разочараност, и активност за која, речиси и да не постојат индикатори и методи со кои би се измерил бројот на луѓе кои се занимаваат со оваа активност. Не треба да се заборави и состојбата на **мито** и **корупција**, за кои се смета дека се една од најнегативните последици од транзициониот процес. И за овој феномен не постојат конкретни методолошки алатки со кои би се измерил процентот на граѓани кои примаат или биле принудени на мито и корупција, меѓутоа, според една студија, во РМ, околу 60-70 % од населението било принудено на мито и корупција се со цел да добие одредена јавна услуга (Чонева, 2001:55). Овие аспекти (сива економија и мито и корупција), токму поради нивната релативно апстрактна природа, се спомнати само на почетокот од овој труд, и нема да подлежат на детално објаснување за разлика од другите аспекти кои се спомнати.

Сиромаштијата како предмет–проблем, несомнено била актуелна во истражувањата во многу општествени дисциплини (социологија, психологија, антропологија и сл). Меѓутоа, во овој труд, една од целите е да се откријат причините за сиромаштија во развиените индустриски општества, како и

во општествата на земјите во транзиција, да се лоцираат главните “извори„ со што би се помогнало во креирањето на разни социјални, политички или економски стратегии за намалување на стапката на сиромаштија. Ова оттаму што сиромаштијата за социолозите, претставува индивидуален или групен недостаток на ресурси во споредба со други членови на општеството – со други зборови, нивниот релативен животен стандард.

Посебен дел од овој проект зазема процесот на транзиција, и во тој контекст, предвид ќе се има фактот дека стапката на сиромаштија во тие земји, мерена според концептот на доходовна сиромаштија (сиромаштија мерена според податоците за потрошувачка, Т.Т), е многу високо (Маршал, 2005:473).Тоа е случај конкретно во Република Македонија, за мерење на сиромаштијата се користи т.н. **двоен метод**, според кој, кога се утврдува линијата на сиромаштија, се користи релативниот метод (кој всушност, претставува неопходно ниво на егзистенција и е утврден како 70% од медијалната еквивалентна потрошувачка на домаќинствата), а кога се анализира сиромаштијата и животниот стандард, се користи субјективниот метод (кој пак претставува збир од мислењата изразени од страна на домаќинствата а кои се опфатени во истражувањето за семејните буџети на домаќинствата) (Доневска, Димитриевска и Новковска, 2011:111-112).

Исто така, и глобализацијата, посебно економската глобализација како феномен е значајназа појавата на сиромаштијата, и токму затоа, и овој процес зазема една од централните позиции во ова истражување. Меѓутоа, покрај сите обиди за дефинирање на глобализацијата, предвид ќе се има фактот дека глобализацијата е мошне тешко да се дефинира во едни конкретни научни рамки.

Кога станува збор за економскиот аспект на глобализацијата, според одредени статистички податоци на УНДП, се забележува дека доминантната тенденција на економската глобализација, заснована врз неолибералната економска логика и остварување на профит по секоја цена, придонела за зголемување на јазот меѓу богатите и сиромашните луѓе но и земји. Колку за

потврда на ова тврдење се податоците според кои размерот помеѓу 1/5 од светската популација која се наоѓа на врвот по високи приходи, и онаа 1/5 од светската популација која се наоѓа на дното на ова скалило, во 1960-та година изнесувал 30:1, во 1990-та година е 60:1, за да во 1999-та година тој размер е фантастични 74:1.(Dokmanovic, 2003:14).

Понатаму, треба да се истакне дека аналогно со економската глобализација и експанзијата на сиромаштијата, е и феноменот на зголемување на несигурноста на поединците, групите и државите во однос на економски, социјален, финансиски, културен, здравствен и политички аспект.

Либерализацијата на пазарот, развојот на технологиите несомнено придонесоа за екстремно брз развој на човештвото во целост, но во исто време тоа доведе до низа на негативни последици како што се: зголемување на нееднаквоста помеѓу различни региони; зголемен степен на ранливост на луѓето како резултат на општествените ризици како невработеност, сиромаштија и криминал и слично. (Dokmanovic, 2003:20).

Меѓу другото, живееме во глобализирани општества и ги трпиме последиците од таа глобализираност. Ова истражување треба да помогне и во размислувањето во насока на избегнување на штетните последици од глобализацијата, како што е случај на пример со губењето на културните разлики. Не смееме да дозволиме глобализацијата истите да ги здроби.

Истовремено пак, глобализацијата ни овозможува да се запознаеме со различните култури, да работиме заедно, да ги надминеме светските проблеми, како глобалното загадување или проблемот на сиромаштијата.

# 1. Дефинирање насиромаштијата

Сиромаштијата несомнено претставува мултидимензионален проблем, со оглед на фактот дека таа се манифестира во самото општество низ повеќе форми: недостаток на приход и средства за да се обезбеди достоинствен живот, глад и неисхранетост, потоа ограничена или никаква достапност до јавните услуги и добра (социјална ексклузија), немање соодветно место за домување и сл.

Многумина аналитичари се согласни дека не постои ниту една комплетна и коректна дефиниција за сиромаштијата. Исто така, се согласни со тоа дека секоја дефиниција треба да се разгледа, и да се стави во контекст на одредени општествени, културолошки или историски аспекти.

Секако дека дефинициите за сиромаштијата варираат, во зависност од повеќе фактори. Па така на пример, постојат дефиниции поврзани со приходите или животниот стандард, при што, во првиот случај (со приходите), сиромаштијата се дефинира индиректно, преку одлучувачките фактори за начинот на живот, а во вториот случај (со животен стандард), таа е дефинирана директно, преку начинот на живот. Карактеристично за ваквиот тип на дефиниции е што во практиката, тие најчесто се комплементарни и комбинирани создаваат една едноставна дефиниција за сиромаштијата: сиромашен е оној кој има и низок животен стандард и низок приход (Листер, 2009:25).

Тесно поврзана дефиниција со претходната е онаа на Амарта Сен, според кој, приходот и животниот стандард, сами по себе, не се многу значајни, со оглед на тоа дека тие помагаат во разбирањето на она што е важно, т.е. за начинот на живот кој еден поединец може да го има, како и за можностите кои се појавуваат за тој поединец (Sen, 1992 цитирано во: Листер, 2009:28).

Сиромаштијата е проблем, бидејќи во својата суштина, таа претставува ситуација која е неприфатлива и непожелна за било кој поединец. Значи сиромаштијата се перцепира главно, како непосакувана ситуација што

пак, придонесува истата да се стави на листата на најголемите општествени зла.

Сиромаштијата исто така е релативна бидејќи насекаде низ светот таа е присутна, но не со еднакви размери. Па така, сфаќањето на сиромаштијата во Велика Британија значајно се разликува од она во некоја Афричка земја, како на пример Сиера Леоне или Сомалија, особено ако ја земеме предвид најупотребуваната дефиниција, која ја определува сиромаштијата како: недостаток на ресурси неопходни за одржување на нормален живот (Маршал,2005:472). Клучниот аспекте: што се подразбира под поимот нормален жи-вот?

Токму тука се крие релативноста на проблемот на сиромаштијата, бидејќи „дефинициите” за нормален живот се различни во различни делови од светот. Да се навратиме малку на Велика Британија, каде неопходните ресурси за одржување нормален живот се: просечен приход од 14 000 фунти годишно, одење во театар, посета на разни спортски и културни настани и сл., додека во Сиера Леоне, неопходните ресурси за нормален живот се: просечен приход од 500 долари годишно, пристап до чиста и питка вода и сл.

Сосема е очигледна разликата и токму затоа, она што во Британија би се сметало за сиромаштија е апсолутно различно од она сфаќање на сиромаштијата во Сиера Леоне. Ова води кон потребата од изложување на апсолутниот концепт за сиромаштија од една, и релативниот концепт од друга страна.

## 1.1 Дихотомијата апсолутна – релативна сиромаштија како една од позначајните определби на сиромаштијата

Во определувањето на сиромаштијата треба да имаме предвид дека дефинициите на сиромаштијата (треба да) обезбедуваат попрецизен став за тоа што е разликата меѓу состојбата на сиромаштија и да се биде сиромашен од една, и состојбата на несиромаштија и да не се биде сиромашен од друга страна (Листер, 2009:15).

Вообичаено е кога станува збор за дефиниција на сиромаштијата, веднаш да се посегне по онаа прочуена дихотомија на дефинициите за сиромаштија според која, постојат определби за апсолутна и за релативна сиромаштија. Оваа дихотомија била присутна во поствоените дебати околу тоа како да се дефинира сиромаштијата, бидејќи отсекогаш несогласувањата околу дефиницијата за сиромаштијата биле тесно поврзани со несогласувањата околу тоа кои се причините и решенијата за сиромаштијата.

### 1.1.1 Апсолутна сиромаштија

Многумина се сложуваат со констатацијата дека дефинициите за апсолутна сиромаштија имаат објективна логика заснована на идејата за основни средства за живот – да се има доволно за живот(Алкок, 2008:64).

Вообичаено, апсолутната сиромаштија подразбира проценка на основните човекови потреби и истата се мери во контекст на средствата неопходни за одржување на здравствените и телесните потреби. Со оглед на тоа дека синоним за апсолутната сиромаштија е поимот сиромаштија на праг на егзистенција, честопати се применуваат и апсолутни мерила кои пак, ја ограничуваат сиромаштијата на материјална депривираност (Haralambos,2002: 292).

Одредени автори одат малку подалеку, односно го прошируваат сфаќањето на апсолутната сиромаштија со тоа што ја воведуваат идејата за

основни културни потреби (покрај материјалните, Т.Т), во кои меѓу другите, најзначајна потреба е образованието (Исто, 293).

Па така, дефинирана во апсолутни термини, сиромаштијата би претставувала состојба во која на еден поединец му недостасуваат неопходните ресурси за живот. Повеќето претставници на овој тип на дефиниции се убедени дека концептот на апсолутна сиромаштија ја претставува онаа објективна, научна дефиниција за сиромаштијата.

Концептот на апсолутна сиромаштија е мошне важен на глобален план и најдобро се рефлектира во ниско развиените земји како Сомалија, Зимбабве и др, додека концептот на релативна сиромаштија, како што ќе видиме понатаму, е мошне присутен во високо развиените земји како Велика Британија, Франција, Канада и др. Имено, се смета дека апсолутната сиромаштија е ретка појава во индустриските општества како Канада или Јапонија. Имено, во тие земји, сиромашните луѓе многу ретко умираат од глад, неухранетост или сл. Од друга страна, сиромаштијата во неразвиените земји, истите ги лишува од физичките потреби, а често пати им ја одзема самодовербата, надежта за подобро утре, и придонесува за непочитување на нивните основни човекови права (Whitman, 2008:5).

Како што беше и погоре спомнато, апсолутната дефиниција за сиромаштија се засновува врз идејата за основните средства за живот, кои патем, претставуваат мининални потреби со цел да се преживее. А да се немаат тие основни средства значи да се биде апсолутно сиромашен. Во тој контекст, Алкок сосема оправдано си го поставува прашањето: Како оние луѓе кои немаат минимални средства за живот воопшто преживуваат?. Одговорот го наоѓа во објаснувањето дека тие луѓе нема да можат долго време да живеат така, бидејќи доколку не обезбедат минимални средства за живот, тие може да изгладнат, да замрзнат и сл. (Алкок, 2008:65).

Како основоположници на сфаќањето за апсолутна сиромаштија најчесто се наведуваат ***Чарлс Бут и Сибом Раунтри***, кои покрај ова, се

сметаат и за основоположници на истражувањето на модерната сиромаштија (Листер, 2009:33).

И двајцата имале намера да докажат дека сиромаштијата треба да се сфаќа како недостаток од пари, што пак, според нив е основна физичка потреба. Во потесна смисла, апсолутната сиромаштија е дефинирана во однос на опстанок, додека во поширока смисла, се однесува на одржување на нормален живот кое е поврзано со основните стандарди на неопходниот физички капацитет за продукција (платена работа) и репродукција (раѓање на деца и грижење за нив).

Во дефинициите за апсолутна сиромаштија, според овие автори, вниманието треба да е насочено кон една димензија, а тоа е **грижата**: „апсолутен стандард е оној дефиниран од карактеристиките на суштинските потреби на сиромашните, а не од карактеристиката на трошоците на оние кои не се сиромашни. Едно семејство, значи, е сиромашно ако неможе да си дозволи оброк (Исто, 34).

При неговиот обид за дефинирање на сиромаштијата, Раунтри имал предвид една своја дихотомија. Имено, тој правел разлика меѓу **примарна сиромаштија** (која се однесува на оние поединци или групи кои немаат пристап до средствата со кои би требало да ги задоволат своите основни потреби) и **секундарна сиромаштија** (се однесува на оние кои ги имаат средствата меѓутоа поради одредени причини не се способни да ги задоволуваат потребите со помош на тие средства).

Меѓутоа, апсолутниот концепт за сиромаштијата наидува на сериозни критики од типот: многу е тешко да се определат основните потреби на населението на одредена земја во одреден момент, и истите тие да бидат подлежни на квантитативна анализа. Исто така, овој концепт е спорен, со оглед на тоа дека постои недостаток на адекватни и релевантни податоци за ваков тип на проценки и анализи (Доневска, Димитриевска, Новковска, 2011:60).

### 1.1.2 Релативна сиромаштија

Овој тип дефиниции се засновуваат врз обидот да се направи една споредба меѓу животниот стандард на сиромашните со оној на оние кои не се сиромашни.Всушност, релативниот концепт за сиромаштијата, ја дефинира и мери сиромаштијата во склоп на стандардите својствени за одредено општество во одредено време.

Релативниот концепт се засновува врз утврдувањето на нивото на приходи или расходи, и затоа, тој во голема мера зависи од распределбата на приходите или расходите во една земја. Главната поента на ова сфаќање е дека сиромаштијата варира од една до друга земја, и истата зависи од повеќе индикатори поврзани со животниот стандард (Доневска, Димитриевска, Новковска, 2011:60-61).

Главен претставник на релативниот концепт за сиромаштијата е британскиот социолог ***Питер Таунсенд***, кој во својата академска кариера бил максимално посветен на проучување на животот на најсиромашните и најхендикепираните поединци во општеството.

Во таа насока, тој ја дава својата позната дефиниција за сиромаштијата:

> Може да се каже дека одделни поединци, семејства и групи од популацијата се сиромашни кога имаат недостаток од средства за да ги добијат потребните видови на храна, недостаток од учество во активностите и кога немаат животни услови или пак, барем се прифатени и одобрени во општествата каде што припаѓаат. Нивните средства се значително под нивото на оние со кои просечниот поединец или семејство располага, кои се всушност исклучени од вообичаените животни активности (Townsend,1977:31).

Оваа определба на Таунсенд детално ги појаснува димензиите на социјално учество, кое всушност е фундаментално во концептот на релативна лишеност, кој исто така, му послужил како основа врз која ја изградил

својата дефиниција за сиромаштијата. Меѓутоа, да се навратиме на концептот на релативна лишеност. Имено, оваа состојба се појавува во оној момент кога луѓето неможат да ги реализираат условите за живот (исхрана, удобност, облека, стандарди и сервиси) кои пак, им овозможуваат учество во односите со другите луѓе. (Листер, 2009:35).

Овој концепт на релативна лишеност е еден од доминантните концепти во Таунсендовото дело *Сиромаштијата во Обединетото Кралство,* и притоа, тој ќе ја истакне мултидимензионалноста на овој концепт, кој во себе ги опфаќа сите поголеми сфери од општествениот живот. (Townsend,1977:36).

Како и да е, многумина автори меѓу кои се и Таунсенд, Алкок и Листер се согласни дека поимот „релативно" треба дополнително да се обработува и развива бидејќи во себе содржи многу различни значења (Т.Т)

Понатаму, кога станува збор за релативната сиромаштија, неопходно е да се спомне т.н. **компаративен елемент на релативната сиромаштија**, чија суштина се состои во идејата дека е можно да се расудува само околу тоа дали некој е во релативна сиромаштија во споредба со другите поединци од истото општество во истиот момент од историјата. (Листер,2009:35).

Сепак, и покрај нивната спротивставена природа, меѓу двата типа на дефиниции мора да постои извесен степен на комплементарност, мора да постои меѓусебна поврзаност се со цел подобро да се разбере и толкува проблемот на сиромаштијата. Тоа најдобро го покажува Алкок во своето дело *Толкување на сиромаштијата*:

Апсолутните дефиниции за сиромаштијата мора да вклучуваат релативни проценки и мислења за да бидат применети во одредено општество, а релативните дефиниции бараат одредена апсолутна суштина за да се разликуваат од пошироките нееднаквости. И двете изгледа дека имаат големи недостатоци, и ниту едната ниту другата не е сосема прифатлива како дефиниција за сиромаштијата. Доколку сакаме да ја задржиме сиромаштијата како основа за анализа, мерење и политичко дејство, мора да

ги избегнеме недостатоците на двете дефиниции, или пак да се сосредоточиме на нивните предности (Алкок,2008:69).

Па така, постојат повеќе обиди за синтетизирање на овие два типа на дефиниции, но заедничко за сите тие обиди е тоа што ги комбинираат овие два типа со бирање на стандард на сиромаштија, изразувајќи го во однос на приходот и потоа применувајќи го во распределбата на приходите на одредено општество за да се открие големината на сиромаштијата. (Алкок, 2008:70).

Од овие обиди произлегоа два основни методи во проучувањето на сиромаштијата: **метод на буџетски стандард,** кој највеќе беше експониран од Сибом Раунтри, и **метод на индикатори на лишеност**, произлезен од релативната дефиниција на Таунсенд и за кои ќе стане збор можеби во некоја друга прилика.

## 1.2. Теории кои ја објаснуваат сиромаштијата

Теориите за сиромаштија претставуваат збир на меѓусебно поврзани дефиниции и односи кои на некој начин го одредуваат нашето разбирање на сиромаштијата како комплексен и мултидимензионален проблем, односно разбирање на проблемот на еден систематски начин. Практично, со помош на теориите, ние треба да ја разбереме сиромаштијата и како контекст (животна реалност) но и како општествена поврзаност- првенствено меѓу сиромашните и несиромашните.

Во социологијата постојат повеќе теории за сиромаштијата и повеќето социолози воведуваат свои термини во категоријалниот апарат кога станува збор за теоретизирањето на проблемот на сиромаштијата. Па така, Голдсмит и Блејкли (Goldsmith & Blakely) прават разлика меѓу „сиромаштија како патологија” од една, и „сиромаштија како инцидент или несреќен

случај", односно сиромаштија како структура од друга страна (Bradshaw,2006:6).

Меѓутоа, ние во овој труд ќе ги изложиме накратко само оние кои се сметаат дека се најблиску до објаснувањето на причините за сиромаштија и најдобро го елаборираат самиот феномен на сиромаштија. Вообичаено, теориите се групираат во дихотомии. Па така, на почетокот ќе ја изложиме теоријата за модернизација од една, и теоријата на потчинетост од друга стр-ана.

### 1.2.1 Теорија на модернизација

Теоријата на модернизација претставува обид да се објасни процесот на модернизација кој е својствен за скоро сите современи општества. Моде-рнизацијата како процес најчесто се дефинира како транзиција на традицио-налните агрикултурни општества кон модерни индустриски општества, иницирана од промена во технологијата или вредностите.

Со оглед на тоа дека познатиот социолог Емил Диркем се смета како еден од првите кои започнале да се занимаваат со природата на општества-та и нивниот премин од традиционални кон модерни, оваа теорија спаѓа во функционалистичкиот концепт за општествата, чиј најеминентен претста-вник е Талкот Парсонс. Всушност, се смета дека теоријата на модернизација влезе во широка употреба на почетокот на 60-те години од 20-ит век, како резултат на напорите на најважните претставници на функционалистичката теорија да создадат алтернатива на марксистичкото сфаќање на општестве-ниот развој (Маршал, 2005:298).

Што се однесува до поврзаноста на теоријата на модернизација со проблемот на сиромаштија, оваа теорија се сфаќа како модел на економски и социјален развој кој ја објаснува сиромаштијата во рамките на постоењето на различни фази на технолошки развој во различни општества (Micionis, 2007:281). Претставниците на оваа теорија истакнуваат дека пред само

неколку векови, целиот свет бил сиромашен. Со оглед на тоа дека сиромаштијата претставувала норма низ историјата на човековиот развој, богатството и неговата распределба, а не депривираноста, таа е во главниот фокус на оваа теорија. Исто така, оваа теорија нагласува дека Индустриската револуција, од која произлегоа индустриските технологии им овозможи на земјите кои ги користат тие технологии, брзо да напредуваат, а со тоа, според претставниците на оваа теорија, апсолутната сиромаштија исчезнува во тие земји (Исто, 282).

Како еден од најважните претставници на оваа теорија се смета Волт В. Ростов (Walt Whitman Rostow), кој патем, истакнува дека процесот на модернизација е составен од четири фази: традиционална, потоа т.н. take-off фаза, фаза на технолошка зрелост и фаза на висока потрошувачка (Rostow, 1978 цитирано во: Micionis, 2007:283). Овој модел на Ростов е всушност еволутивен концепт карактеристичен за самиот процес на модернизација. Може да се забележи дека првата фаза (традиционалната) е сосема спротивна од последната фаза на висока потрошувачка, и притоа, според оваа теорија, јасно е дека оние општества кои сеуште се во првата фаза, односно се традиционални и отпорни на технолошките иновации, грчевито ќе се борат со состојбата на апсолутна сиромаштија.

### 1.2.2 Теорија на зависност

Теоријата на зависност се развива во почетокот на 50-те години на 20-от век, под влијание на економистот **Раул Пребеск (Raul Prebesch)**,кој, своевремено, утврдил дека економскиот развој на индустриските земји, не резултира нужно со зголемување на економскиот развој и во нискоразвиените земји.

Оваа теорија претставува концепт за економски и социјален развој кој ја објаснува сиромаштијата врз основа на историската експлоатација на сиромашните општества (нискоразвиените, Т.Т) од страна на богатите или

високоразвиени земји. Всушност, претставниците на овој концепт, примарната одговорност за глобалната сиромаштија ја лоцираат во улогата на богатите високоразвиени земји, притоа објаснувајќи дека земјите со висок доход систематски ги „исцрпуваат” земјите со низок доход, притоа правејќи ги овие последните, зависни од првите. Овој процес на осиромашување и создавање зависност, постоел со векови и продолжува да постои и денес (Исто, 285).

Економистот Пребиск, создавањето на зависност на сиромашните земји од богатите, го објаснува со тенденцијата на сиромашните земји да ги извезуваат своите примарни продукти во богатите земји, кои пак, ги преработуваат тие продукти и добиените производи ги продаваат назад во сиромашните земји. Имено, додадената вредност на производите произведени од високоразвиените земји секогаш вреди повеќе од самите примарни продукти и токму затоа, смета Пребиск, сиромашните земји никогаш нема да заработуваат доволно од извозот на примарните продукти, за да можат потоа да го платат увозот на преработените производи (Prebisch, 1959:258).

Покрај оваа дихотомија, во литературата како една од позначајните дихотомии, е и поделбата на индивидуалистичка теорија од една, и културна теорија од друга страна.

### 1.2.3 Индивидуалистичка теорија

Оваа теорија е всушност, една од првите теории за сиромаштијата, и истата претставува голем и комплексен сет на објаснувања и толкувања кои вината за состојбата на сиромаштија ја префрлале директно на поединецот. Имено, оној кој имал мали или немал приходи, според оваaа теорија, не бил способен или не сакал да се грижи доволно за својата благосостојба. Овој вид на теории се појавува некаде на почетокот на 19-от век, и вреди да се

спомне поради фактот што овој концепт се вбројува меѓу првите кои започнале да го анализираат феноменот на сиромаштија од теоретски аспект.

На оваа теорија се надоврзува и економскиот аспект. Имено, се смета дека проблемот на сиромаштија продолжува да се шири низ светот не поради тоа што општествата не обезбедуваат доволно, туку поради тоа што тие произведуваат премногу, што е контрапродуктивно (Bradshaw,2006:12).

Во оваа група на теории, спаѓа и концептот**социјалдарвинизам**, кој феноменот на сиромаштија го објаснува со помош на Дарвиновата теорија за законите на природната селекција. Имено, овој концепт гледа на сиромаштијата како последица од вродените недостатоци на поединците кои неможат да се вклучат активно во работниот процес, што пак имплицира дека сиромашните луѓе се помалку способни и помалку успешни во општествената адаптација (Доневска, Димитриевска и Новковска, 2011:21). Типичен претставник на овој концепт е англискиот социолог Херберт Спенсер, кој бил остар критичар на сиромашните поединци, и кој истакнувал дека државата треба да ја сведен на минимум интервенцијата врз животите на луѓето, посебно на оние сиромашните. Тој цврсто верувал во еволуционите идеи кои во негово време, биле доста актуелни (што го прави еден од главните претставници на социјалдарвинизмот, Т.Т) (Haralambos, 2002:316).

### 1.2.4 Културни теории

Во овој теоретски пристап, најзначајна теорија е т.н. **култура на сиромаштија.**Оваа теорија укажува на тоа дека сиромаштијата е создадена преку пренесувањето од генерација на генерација на одредени вредности, верувања и вештини кои се произлезени од општеството, но се во рацете на самите поединци (Bradshaw,2006:12). Изгледа дека поради ова, оваа теори-ја не ги обвинува поединците тукунапротив, ги смета истите како жртви на нивната сопствена дисфункционална супкултура или  култура.

Теоријата на култура на сиромаштијата е доста актуелна и дискутирана особено во американската социологија, во која американските социолози–теоретичари биле невообичаено фасцинирани од супкултурите на имигра-нтите и гетозаедниците. Културата е социјално овековечен феномен, кој ја одразува интеракцијата на поединците и групите. Ова всушност придонесу-ва теоријата на култура на сиромаштијата да се разликува од индивидуали-стичката теорија, која ја поврзува сиромаштијата со индивидуалните не/спо-собности и не/мотивираност.

Според Бредшо (Bradshaw), од технички аспект:

> ...културата на сиромаштија е супкултура на сиромашните луѓе во гетата, периферните сиромашни делови, или социјален контекст кадешто тие истите развиваат заеднички систем од вредности, верувања и норми за однесување, кој е одделен од, но е вграден во културата на самото општество(Bradshaw, 2006:8).

Како најелоквентен претставник на оваа теорија се смета Оскар Луис (Oscar Lewis), кој воедно, е еден од првите теоретичари кои се обидоа да ја дефинираат културата на сиромаштија како систем на верувања и вредности пренесувани од генерација на генерација. Имено, за Луис, сиромашните формираат една посебна социјална ситуација т.н.„култура на сиромаштија", во која доминираат чувствата на инфериорност, пониженост, маргиналност, беспомошност и сл. Оваа ситуација има тенденција трајно да ја обновува сиромаштијата (Lewis, 1985, цитирано во Ацески,2002:133-134).

Понатаму, претставниците на оваа теорија причините за сиромаштијата ги бараат во стекнатите индивидуални и групни особини (несоодветна социјализација, лоша родителска грижа, нееднакви можности во образованието и др) (Доневска, Димитриевска и Новковска, 2011:29).

Меѓутоа, покрај огромното значење кое го дава оваа теорија, сепак, таа добива и сериозни критики, кои пред се, се однесуваат на погрешната претпоставка дека културата на сиромашните ги наведува поединците на одредено однесување. Всушност, критичарите тврдат дека сиромашните всушност, се принудени да се однесуваат онака како што се однесуваат (Исто, 30).

### 1.2.5 Прогресивна теорија

Како последна, но не и најмалку значајна теорија би ја истакналепрогресивната теорија (теорија на економски, политички и социјални изо-бличувања). Претставниците на оваа теорија, потеклото на сиромаштијата не го бараат во индивидуалните способности или во културата како структура, туку нивниот фокус е ставен на економскиот, политичкиот и социјалниот систем кој, според нив, е главната причина поради која поединците имаат ограничени можности и средства за стекнување благосостојба.

Со оглед на тоа дека оваа теорија, е на некој начин спротивна од индивидуалистичките теории, очекувано, општествените проучувачи од 19-от век силно ја нападнаа индивидуалистичката теорија, на начин што почнаа да истражуваат како социјалните и економските системи создаваат поединечни состојби на сиромаштија.

Колку за илустрација, Маркс покажа на кој начин економскиот систем на капитализмот создаде „резервна армија на невработени", што всушност претставувало намерна и совесна стратегија за да се држат платите на работниците на едно релативно ниско ниво (Jencks, 1996; Tobin, 1994; Quigley, 2003).

Голем дел од актуелната литература за сиромаштија, укажува дека економскиот систем е создаден на таков начин што сиромашните поединци секогаш ќе бидат „последниот вагон на возот", без разлика на тоа колку се тие всушност способни. Делумно, според Џенкс (Jencks), проблемот е во тоа што минималната плата неможе на еден самохран родител да му овозможи да биде економски независен(Jencks,1996:72, цитирано во Bradshaw, 2006:10).

## 1.3 Причини за сиромаштијата

Доколку кај нас постои вистинска намера да ја разбереме и објасниме сиромаштијата и нејзините причини, неопходно е да бидеме свесни како за структурните, така и за индивидуалните причини за проблемот. Ова, всушност е вовед кон поделеноста во социјалните науки, која постои кога е во прашање откривањето на причините за сиромаштија. Имено, тие два аспекта се:

- **Структурален приод** кон сиромаштијата, кој ја истакнува пред се, важноста на социјалните околности и социјалните сили во детерминирањето на животните патишта и шанси на секој поединец. Со други зборови, во овој приод, доминантна улога имаат јавните институции, политичарите како и пошироките социјални сили како економскиот раст, можностите кои ги нуди пазарот на трудот, системот на социјална заштита и сл, во чиј контекст се создаваат и пресоздаваат нашите животни стандарди и општествени односи.
- **Индивидуален приод,** или индивидуалната акција, во чија основа се наоѓа една антифаталистичка ориентација. Имено, претставниците на овој пристап, сакаат да покажат дека самите поединци се главните причинители на својата среќа, односно несреќа. Со други зборови, секој поединец прави свој избор за тоа каква облека ќе носи, на која сексуална ориентација ќе припаѓа, кој факултет ќе го посетува и сл.

Она што е сугерирано од претставниците на овој приод е тоа дека секој поединец мора да ја преземе одговорноста за водење на својот сопствен живот, својот сопствен животен стандард и социјалните односи кои ќе ги негува со другите поединци. На почетокот на 21-от век, овој пристап уживаше поголема популарност од структуралниот, што може највеќе да се забележи

во политичките дејствувања (реформите во политиката на социјална помош во САД во 90-те; потоа промените во политиката на социјална помош од страна на лабуристичката пар-тија во Британија и сл). (Алкок,2008:35).

Сепак, Алкок е категоричен во својот став дека и двата пристапи уживаат теоретска оправданост и вистина:

> ...Социјалните структури навистина го поставуваат социјалниот контекст во кој сме сите ние и од кој неможеме да избегаме. Од многу избори кои поединците ги прават произлегло дека тие, всушност, во голема мера се условени од структурните сили (како што покажаа обидите да се воведе избор во доделувањето на местата во јавните училишта). Сепак, во исто време, поединците донесуваат одлуки за тоа како да ги живеат своите животи, а со тие одлуки може да ги сменат околностите во кои тие живеат (како што покажува одлуката дали да се оди на факултет или да се бара работа)... (Алкок, 2008:36).

Понатаму, истиот овој автор истакнува два основни видови на причини за сиромаштијата:

1. **Патолошки причини** – каде што улогата на поединците, семејствата и заедниците е една од главната причина за создавање и/или пресоздавање на сиромаштијата. Меѓутоа од многу поголема важност во овој случај се вториот тип на причини:
2. **Структурни причини** – во овој контекст, треба најпрво да се истакне дека сиромаштијата е несомнено производ на динамични социјални сили. Во модерните капиталистички општества, постојано се создаваат и пресоздаваат политички програми за борба против сиромаштијата. Интересен е заклучокот дека доколку и покрај постоењето на вакви програми/политки, сиромаштијата сеуште е еден од главните општествени проблеми, тогаш причината не треба да се бара на ниедно друго место освен во неуспешноста на ваквите програми и структурните промени во општеството кои би требало истите да ги спроведат и реализираат. За аспектите поради кои постои неефикасност во некоја друга прилика.

Тука уште да се истакне дека и покрај малата продуктивност, сепак, овие програми имаат значајно влијание, бидејќи без нивно постоење, состојбите во целиот свет би биле многу полоши:

> Фокусирањето на неуспехот на политиката, или неуспехот во реализирањето на некоја политика, е еден приод во објаснувањето на динамиката на сиромаштијата која го надминува нивото на поединци и фактори на ниво на заедницата, а наместо тоа ги проучува активностите на оние кои, преку политичка акција, тврдат дека се спремни и способни да ги променат социјалните структури, и социјалните политики и институции кои тие ги воспоставуваат да го спроведат тоа во дело (Алкок, 2008: 41).

Секако дека на ова мора да се надоврзе ставот на социолозите дека без разлика колку моќни може да бидат политичарите, или колку тие се замислуваат дека се, сепак, тие неможат да ги контролираат сите сфери на општеството кое го водат. Ова пак води кон заклучок дека дури иако тие политичари се подготвени да ја преземат вината на себе за континуираното постоење на сиромаштијата како проблем, не е сосема јасно дека тие се навистина целосно одговорни за таа ситуација.

# 2. Глобализацијата и сиромаштијата

Релативно високата стапка на сиромаштија има негативен одраз врз самиот човеков развој, а со тоа, негативно влијае и врз човечкиот капитал, врз економскиот раст и развој на националните и глобалната економија. Затоа, често пати, особен интерес се појавува околу дебатите за меѓусебната поврзаност на сиромаштијата со глобализацијата, односно ефектот кој глобализацијата го имала и сеуште го има врз актуелните состојби со сиромаштијата, и тука посебно место и улога има економскиот аспект на глобализацијата.

## 2.1 Дефинирање на поимот глобализација и економска глобализација

Глобализацијата, еден од најзначајните феномени и до неодамна, најчесто употребуван поим, има свои компоненти ако може така да се каже, а меѓу кои е и економската глобализација, во чија суштина се наоѓа идејата за глобален пазар со глобални цени и механизми на активност. Пред да преминам на објаснување на поимот економска глобализација и нејзината поврзаност со сиромаштијата, би одвоил неколку аспекти на глобализацијата како еден од поголемите универзални процеси.

Сосема јасно е дека глобализацијата претставува спорна тема, но нејзиното значење за социолошката наука воопшто не е спорно. Дебатите за глобализацијата допираат темелни прашања на политиката за демократијата, легитимирањето или односот кон економијата во нивната основа.

Потешкотиите во врска со овој феномен започнуваат уште со дефинирањето на поимот како што вели Гиденс:

Не треба да бидеме изненадени што значењето на поимот глобализација не е секогаш јасно или што се појави интелектуална реакција против него. Глобализацијата

секако дека има некаква поврзаност со тезата дека сега сите ние живееме во еден свет – но, на кој начин точно и дали идејата е навистина валидна?"(Гиденс,2003:7).

До денес, ниту во научната ниту во пошироката јавна дебата не постои општо призната дефиниција за глобализацијата, иако многумина, ја сфаќаат како процес на меѓусебна поврзаност на општествата низ целиот свет.

Во литературата може да се сретнат низа дефиниции за глобализацијата, во некои од нив глобализацијата се сфаќа и третира како процес кој има позитивен придонес кон општествата, додека некои сфаќања ја претставуваат глобализацијата како еден од главните причинители за поголемиот дел од негативните состојби кои го зафаќаат светот, чија природа најчесто е одекономска, технолошка, културна или политичка природа.

Колку за илустрација, постојат ставови според кои глобализацијата претставува процес на надминување на историски создадените граници, па затоа во еден метаполитички контекст таа е истозначна со ерозијата на суверенитетот на националната држава и токму затоа таа се претставува како „изместување" на пазарната економија од моралните правила и институционализираните врзувања на општествата (Nes,2006:63).

Од друга страна, постојат голем број теоретичари кои сакаат да ја претстават глобализацијата пред се, како процес кој овозможува „културна синхронизација" на светско, глобално ниво. Истите тие сметаат дека глобализацијата се хармонизирала и обединила, често рушејќи ги традиционалните начини на живеење (Шолте,2008:53).

Во секој случај, сите треба да се согласни со фактот дека глобализацијата е светски процес којможе да предизвика позитивни но и несакани последици за општествата низ целиот свет.

Глобализацијата, во најопшта смисла, подразбира пролиферација на стока, луѓе, капитал, информации, идеи и сл. За социолозите, најзначајниот аспект на глобализацијата е начинот на кој овој проток на луѓе, информа-

ции, капитал... станува проблематика поврзана со основната социолошка слика за едно општество, како заемен и кохерентен склоп на структура и пракса со која раководи една национална суверена држава(Nes, 2006:59).

Кога станува збор за конструкцијата национална суверена држава, треба да се има предвид дека глобализацијата не подразбира игнорирање и запоставување на националната држава, туку напротив, националната држава треба да се сфати како еден простор на кој се одвива глобална културна политика (Nes, 2006:59-61).

### 2.1.1Глобализацијата како производ на капитализмот

Не е непознато дека најтрадиционалниот социолошки пристап кон глобализацијата е оној кој го застапуваат марксистите. Во таа насока, марксистичкото сфаќање на капитализмот – како начин на производство заснован на експлоататорскиот однос на сопствениците на капиталот врз работнивите, не сугерира дека на капитализмот треба да се гледа како на синоним за општество кое е организирано како територијално ограничена нација, туку капитализмот мора да се сфати како систем кој бара максимално одделување на вишокот на вредности и чија основна карактеристика е класната борба. Токму затоа, марксистите се убедени дека логиката на капитализмот се состои во постојана потрага по нови простори за експлоатација.

Меѓутоа, овие марксистички премиси мора да претрпат одредени измени како би можела оваа марксистичка теорија да се занимава со проучување и анализирање на феноменот на глобализација, бидејќи во суштината на капитализмот е неговата тенденција да се проширува надвор од општеството во кое е создаден(Nes, 2006:71-73).

Во таа смисла, најразвиената примена на марксистичката теорија е теоријата на светскиот систем на **Имануел Валерштајн**. Имено, според Валерштајн, глобалното поле на дејствување на капитализмот не е ништо ново...тоа постоело уште од самиот почеток на капитализмот во 16-от век. Но

она што е важно е што тоа глобално поле во последните 400 години доживеа огромна експанзија. За Валерштајн, капитализмот не е ништо друго, туку интегриран светски систем, кој има засебна внатрешна динамика, и токму поради тоа, капитализмот има потреба да ги проширува своите геогра-фски граници се со цел да ги надмине редовните кризи кон кои е самиот тој систем склон (Wallerstein, 1990:73). Токму затоа е оправдана неговата теза дека Европа преминала од феудална во капиталистичка светска економија благодарение на постоењето на континуиран економски раст.

Валерштајновата теорија во својата суштина е неомарксистичка бидејќитој смета дека државата е од суштинско значење за одржување на стабилноста на глобалниот, светскиот капитализам (Nes, 2006:71).

Како и да е, оваа теорија на светски системи била подложна на многу критики, а најмногу поради исклучителниот нагласок кој Валерштајн го става на економските аспекти на глобализацијата. Исто така, оваа теорија ја критикува познатиот политикологa**Дејвид Хелд**, според кого, теоријата на светскиот систем воопшто не се занимава со промените во формата и ја става државата во контекст на бројни и осцилирачки аспекти на суверенитетот кои денес се својствени за глобалното управување (Held, 1995,цитирано во Nes, 2006:71).

Она за што најмногу му се забележува на Валерштајн е дека тој воопшто не го зема предвид експоненцијалниот раст на културните производи, што според останатите марксистички теоретичари, е фундаментална карактеристика на модерната глобализација.

### 2.1.2 Глобализацијата како модернизација

Овој теоретски пристап кон глобализацијата, застапуван најчесто од еминентните светски социолози Улрих Бек и Ентони Гиденс, има за цел да ја објасни глобализацијата не врз основа на само една причина (што беше случај со марксистичката теорија за глобализација која како единствена причина го посочуваше капитализмот), туку врз основа на поголем број на причини и истата (глобализацијата) ја сметаат како последица на модерното време.

**Ентони Гиденс** цврсто стои на ставот дека глобализацијата е de facto последица од динамиката со која се карактеризира модерното време, кое патем, подразбира воспоставување на општествени односи во временско-просторното дистанцирање и рефлексивно распоредување на знаењето (Gidens, 1998:81). Она што е својствено за ова модерно време е фактот дека всушност, според Гиденс, времето и просторот се „избришани", тие се елиминирани од конкретниот општествен тек на животот, а нивното место го зазеле мапите и часовниците, така што, според Гиденс, благодарение на овој факт, тие можат да се користат независно од конкретните општествени места.

Во таа насока, тој продолжува истакнувајќи дека динамизмот на модерното време нужно води кон глобализирање на неговите институции: капитализам, индустријализам и сл (Исто, 86).

Теоретскиот пристап пак на **Улрих Бек**, наречен **теорија на културна политика**, е во многу аспекти сличен со оној погоре објаснет пристап на Гиденс. Имено, без разлика на различните почетни точки во нивните размислувања за глобализацијата, сепак, Бек е најзначаен поради тоа што го свртел социолошкото внимание кон сфаќање според кое, општествениот живот се карактеризира со досега невиден степен и број на „изфабрикувани" ризици, од кои повеќето се со глобален размер и зафат, како што е на пример ситуацијата со загадувањето на животната средина, нуклеарните војни и сл. Во тој контекст, Бек потврдува дека голема е веројатноста овој број на вакви

ризици постојано да се зголемува, како резултат на нивната т.н. хиперпродукција, што пак, е главна карактеристика на глобализацијата.

Од ова произлегува и поимот „ризично општество”. Тоа е општество, кое според Бек, мора да биде глобално, бидејќи произведува опасности кои не се баш јасно ограничени во вре-мето и просторот. Во таа насока, Бек прилично општимистички, е уверен дека сега сме на прагот на радикализираното модерно време во кое глобалните опасности создаваат глобално заедништво, на начин да самосвесното, колективно размислување за ризиците, елиминира еден од приоритетите кои во модерното време се одликуваат со прогрес и стекнување богатство, се со цел да се избегне глобална катастрофа (Bek,2001:31).

## 2.2 Економската глобализација и нејзиното влијание врз сиромаштијата

Глобализацијата е термин кој, меѓу другото, се користи и за да се опишат промените во општествата и светската економија како резултат на драматично зголемената трговија,економска размена, нови системи на производство и придобивање на пазар, мултнационално маркетиншко застапништво и либерализација на пазарната размена. Во специфично економски контекст, глобализацијата како категорија и како дескриптивен социолошко–економски модел се однесува на ефектите на трговската либерализација, односно слободната трговија и пазар. Помеѓу 1910 и 1950 година, по серија на политички и економски проблеми и колапси значењето и интензитетот на трговската размена беа сведени на минимум.

Во поствоениот период, светската економија зајакна и драстично се зголеми, и сето тоа со помош на меѓународни економски институции и програми. Во периодот на 70-тите години на 20-от век, ефектите на оваа размена станаа се повеќе видливи, односно се забележуваа и позитивните и не-

гативните страни. Се појавија нови високо-софистицирани облици на технолошко производство (hi – tech), од индустријализација се преминува кон компјутеризација, за да научно-техничките фактори станат движечка сила и во политичките и во економските сфери. Така процесот на глобализацијата не можеше да остане недетерминиран определувачко- обврзувачки од геополитичките промени и од научно-технолошкиот развој. Таа на нив ќе се темели како на алатки кои ќе и обезбедат континиум во нејзината перзистенција.

Понатаму, треба да се истакне дека поимот економска глобализација всушност, се подразбира слободна трговија и растечки односи помеѓу членовите на една индустрија во различни делови на светот со кореспондирачка ерозија на националниот суверенитет во економската сфера.

Меѓународниот Монетарен Фонд (ММФ) пак, ја дефинира економската глобализација како „растечка економска меѓузависност на држави ширум светот преку зголемен број и начини на прекугранична трансакција на стоки и служби, пoслободен интернационален економски проток и побрза и поширока дифузија на технологијата". (Stiglic, 2002:68).

Уште попрецизна определба за**економската глобализација** е онаа според која, тааозначува во прв ред, остварување иутврдување на прави-лата на единствениот светски пазар со слободен протокна стоката и капита-лот преку државните граници. Приврзаниците на економскатаглобализација тврдат дека со слободното движење на капиталот се стекнуваконкуренција и развој. Противници пак, од друга страна, тврдат дека големитемултинационални корпорации користат поголем заработен капитал за да гооневозможат создавањето на конкурентноста со кои би морале да го делатпазарот. (Печулиќ, 2002:320).Оттука, сосема извесно е дека економската глобализација е репрезент на експанзијата на економската дејност, која всушност, функционира независно од националните економски системи и е организирана во согласност со сфаќањето на светот во целина. (Дракуловска, 2004:160).

Меѓутоа, кога станува збор за економската глобализација и глобалниот пазар, неможе да не стане збор и за неолиберализмот како релативно силен генератор на забрзаниот ритам на глобализацијата како феномен воопшто. Неолиберализмот, во оваа ситуација претставува, на некој начин, инструмент за создавање на се поголемо економско богатство на светот.

Според Печулиќ, неолибералниот проект застапува две спротивни димензии:

- *Економска ефикасност* – чиј извор се бара во масовната дерегулација, приватизација и либерализација на капиталот, заедно со неговото пренесување од рацете на државата во рацете на приватните сопственици;
- *Социјално инфериорна позиција на глобализацијата*, која настанала како резултат на „демонтирањето" на социјалната држава и драстичното намалување на економската помош, што пак, неминовно води кон малигни социјални последици.(Печулиќ, 2002:252)

Исто така, вредно за спомнување е дека самата економска глобализација е поддржана од страна на овој неолиберален проект, кој во себе, содржи три институционални надградби: драстично ограничување на улогата на државата во економскиот сектор; нови права за меѓународна сопственост на странските инвеститори, како и подреденост на националните држави кон мултилатералните институции како што се Светската банка, ММФ и Светската трговска организација (понатаму во текстот како СТО).Во однос на овој неолиберален концепт, треба да се нагласи дека тој највеќе важи и им се наметнува на оние периферни и полупериферни земји (конкретно земјите од Третиот свет, Т.Т).(Андреевска, 2010:103-105).

Мошне важно е да се истакне дека во услови на глобална економија, глобалните стратегии на развиените капиталистички земји, мултинационалните компании и разни меѓународни економско-финансиски институции се појавуваат како основни координатори на интересите на меѓународниот и се

повеќе виртуелниот капитал и најчесто служат како средство со чие посредство се контролира економијата на многу други помали земји.

За да биде ова појасно, да го земеме податокот според кој, скоро 80% од светскиот пазар го контролираат релативно мал број на мултинационални компании кои со помош на ММФ и Светската банка го диктираат економскиот развој на глобален план, притоа располагајќи со годишни финансиски средства и профит кои несомнено го надминуваат Бруто домашниот производ (понатаму во текстот БДП) на многу земји во светот. (Мандер и Голдсмит, 2003:315-317).

Несомнено е дека во услови на ваков глобален поредок, развиените земји ќе стануваат се побогати, додека оние понеразвиените земји ќе станат уште посиромашни. Меѓутоа, покрај сиромаштијата како главен проблем на економската глобализација, се појавуваат и други проблеми поврзани со социо – економските аспектина сиромаштијата како невработеност, низок животен стандард, образование, здравствена заштита,демографски и еколо-шки дисбаланс и сл. (Андрееска, 2010:105).

## 2.3 Глобализацијата не е/е причина за сиромаштија

Во научната литература постојат многубројни статии, прикази и други трудови во кои авторите се обидуваат да ја одбранат својата позиција дека глобализацијата е една од главните причини кои доведуваат до зголемување на процентот на сиромашни луѓе ширум светот, и дека глобализацијата навистина ги поддржува произволните општествени хиерарии, а покрај тоа, таа овозможува и нееднаква распределба на добрата низ светот (Gervinski, 2004;Teeple, 1995; Gray, 1998; Hurrel & Woods, 1999).

Секако, постојат и автори кои тенденциозно се обидуваат да полемизираат околу тоа дека глобализацијата всушност е од големо значење за одржување на благосостојбата на мнозинството ширум светот. Едни од најексплонираните такви автори секако се Dollar &Kraay, 2001; Greenspan A,

2001и други. Овие автори тенденциозно тврдат дека на поголемиот дел од светската популација му е или ќе му биде подобро во услови на глобална економија. Овие нивни ставови најчесто ги поткрепуваат со примерите во Чиле, Кина, Виетнам, Кувајт и др кои се пример за тоа како глобализацијата придонела за екстремно брз развој на економски план, а со посебно внимание посочено кон развојот на технологиите и комуникациските аспекти. (Dollar & Kraay, 2001:53-55).

Меѓутоа, да истакнаме нешто повеќе за првата група на автори, кои најчесто се именувани како противници на глобализацијата, антиглобалисти, или скептици како што ги нарекува Гиденс (Гиденс, 2003:7). Овие автори имаат зацртано идеја и план како на светот да му покажат дека глобализацијата има повеќе негативни аспекти, отколку позитивни. Прашањето колку тоа им успева е сосема друга област на дискусија.

Во продолжение, повеќето од овие автори се согласуваат со фактот дека глобализацијата придонела за нееднаквоста најпрво меѓу државите (со тоа што во помалку развиените земји, безбедносните и економските регулативи се ниски или тие практично не постојат). Затоа, некои транснационални компании таму продаваат добра кои се под строга контрола или се забранети во развиените индустриски земји (нискоквалитетни медицински лекови, цигари со многу никотин/катран и сл). Познато е и тоа дека во овие транснационални компании, најголемиот дел од вработенитепотекнуваат токму од овие неразвиени, сиромашни земји, поради евтината работна сила која таму постои.

Од ова може да се забележи дека критичарите на глобализацијата, во атакот врз глобализацијата, најчесто тргнуваат од аспектите на економската глобализација, користејќи ги податоцитеза размената (трговијата), потоа приливот на странски директни инвестиции и сл, кои патем, им служат како основни индикатори со кои ја објаснуваат негативната страна на глобализацијата.

Една од таквите студии е онаа на Еди Ли (Eddy Lee) и Марко Виварели (Marco Vivarelli) насловена како *Социјалното влијание на глобализацијата во земјите во развој (Social impact of globalization in development countries)* (2006).

Оваа студија е всушност, производ од четири годишната економска истражувачка програма, финансирана од Секторот за Интернационален развој на Велика Британија. Главна цел на оваа програма е всушност да се разберат и протолкуваат како емпириските, така и теоретските аспекти на влијанието на глобализацијата.

Ли и Виварели се обидуваат да одговорат на прашањето дали сегашното зголемување на размената и приливот на директните странски инвестиции овозможува олеснителни околности во интегрирањето на земјите во развој во процесот на глобализација, или пак, овие фактори тоа го оневозможуваат (Lee & Vivarelli,2006:6).

Понатаму, авторите изнесуваат интересен став дека влијанието на вработеноста поради зголемена трговија немора нужно да води кон позитивни придобивки за земјите во развој. Тоа го објаснуваат со тврдењето дека во земјите во развој, влијанието на вработеноста поради зголемена трговија зависи најмногу од соодносот меѓу растот на продуктивноста и надворешниот раст.

Постојат и анализи кои се обидуваат да покажат дека навистина глобализацијата го потпомага економскиот раст на земјите, а економскиот раст пак овозможува намалување на сиромаштијата во земјите, но оваа поврзаност не е баш така неусловена како што сакаат да покажат Долар и Креј, потенцирајќи дека: „Размената е корисна за растот, растот пак е корисен за намалување на сиромаштијата, и оттука, размената е корисна за сиромашните" (Dollar & Kraay, 2001:49). Таква една критичка анализа е направена од страна на Сантарели и Фицини (Santarelli & Figini) во која тие истакнуваат:

Додека трговската либерализација се смета дека ги зголемува економските можности и потенцијали на земјите во развој, сосема апсурдно е да се помисли дека глобализацијата никогаш никој нема да го „втурне" во сиромаштија, бидејќи сиромашните во една земја се премногу хетерогени, и поради тоа што сиромашните земји премногу се разликуваат една од друга (Santarelli & Figini,2004:8).

Сепак, позитивниот придонес на зголемената трговија во однос на намалувањето на сиромаштијата, несомнено е посредуван од економскиот раст. Кога севкупната трговија (извоз и увоз) е неутрална во однос на распределбата на доходот, конечниот исход е општо намалување на сиромаштијата(Lee & Vivarelli, 2006:17-18).

Секако дека отворањето на земјите во развој или на регионите во нив за слободна и зголемена трговија може несомнено да ја поткопа локалната прехранбена економија. Една област која ќе стане зависна од само неколку производи што би ги продавала на светскиот пазар, е многу ранлива и „чувствителна" на поместувањата на цените и на технолошките промени. (Гиденс,2003:16-18).

Не постои дискусија и во поглед на тоа дека доминантната тенденција на економската глобализација допринесе за зголемување на јазот меѓу богатите и сиромашните, како меѓу развиените и неразвиените земји, така и внатре во самите општествени слоеви во една држава, вклучувајќи ги и најбогатите земји. Ова го покажуваат статистичките податоци од студиите на UNDP (UNDP,1999:3).

Во нив е истакнато дека, што се однесува до опсегот на примања помеѓу една петина од светската популација која има највисоко примања и една петина која се наоѓа на дното во однос на висината на примањата, тој, во 1960 бил 30:1, за да во 1990 година биде 60:1, и во 1999 година тој да биде рекордни 74:1. Во истата таа 1999 година, индексот на човечкиот развој воведен и употребуван од страна на UNDP, за прв пат драстично опаднал во повеќе од 30 земји ширум светот, што е јасен индикатор дека постои зголемување на апсолутната сиромаштија.(UNDP,1999:5).

Во поновите научни дебати, постои една тенденција да сиромаштијата ваква каква што се генерира во рамките на глобализацијата, се дефинира како „кршење на фундаменталните човековите права”(Dokmanovic,2000; Spring,2005; Bowen,2005; и други). Имено, во овие дебати, сиромаштијата се определува како непостоење на можности и шанси за остварување на правото на живот на достоинствен начин, како што е пристапот до ресурси и механизми за остварување и заштита на човековите права и учество во донесувањето на одлуки (Dokmanovic,1999:4).

Претставниците на овој пристап сметаат дека концептот на сиромаштијата не е децидно вметнат во најзначајните меѓународни конвенции за човековите права, кои се всушност, основата на концептот на човекови права. Понатаму, тие покажуват и дека сиромаштијата несомнено им ја укинува можноста на луѓето да ги уживаат фундаменталните човекови права, со примерот дека еден неписмен, односно недоволно образован поединец, кој покрај другото, нема покрив над главата и нема доволно храна, е оневозможен да учествува барем во неколку ситуации на одлучување кои ја засегаат конкретно неговата судбина, како и одлучувања кои се однесуваат на управувањето со државата, односно општеството во кое тој живее. Од ова произлегува дека:

Остварувањето на граѓанските и политичките права подразбира многу повеќе од задоволување на основните човекови потреби, како што се пристап до информации, образование, здравствена заштита, задоволување на културните потреби и сл.

Сиромаштијата не е проблем на поединецот и неговата не/способност да се „снајде”, туку сиромаштијата претставува кршење на основните човекови права, за што одговорност сносат не само државата, според традиционалното сфаќање на човековите права, туку и новите меѓународни актери кои го презедоа приматот на одлучување и управување со глобалните, националните и регионалните аспекти, баш како што се меѓународните организации(ООН), транснационалните компании(Coca-Cola, Nike, GM) како и меѓународните финансиски организации (ММФ, Светска Банка).(Skogly,2001:58).

Од сето ова, може да се изведе еден заклучок дека глобализацијата не ја создава сиромаштијата и нееднаквоста. Имено, многу подобро би било кога би истакнале дека глобализацијата ги создава, во најголем број, условите на глобален план кои поттикнуваат јакнење на дискриминацијата и нерамноправноста. Понатаму, отворањето на пазарите, укинувањето на царинските бариери и трговската либерализација не се сигурна гаранција дека од тоа сите би имале некаков бенефит. Напротив, приврзаниците на оваа теорија докажуваат дека глобализацијата доведува до експанзија на сиромаштијата, зголемување на несигурноста на луѓето од економски, културен, финансиски, здравствен или политички аспект (Dokmanovic,1999:20).

# 3. Земјите во транзиција и сиромаштијата

Во секојдневниот говор, поимот транзиција обично се однесува на земјите од Источна и Југоисточна Европа, односно оние земји во кои до 90-те години на 20-от век беше својствен социјализмот (постсоцијалистичките земји). Меѓутоа, во поспецифичен контекст, транзицијата се однесува, односно е карактеристична и за други земји ширум светот, како што е случај со земјите од Јужна, односно Латинска Америка, потоа земјите од Јужна Европа кои исто така поминале низ процесот на транзиција, меѓутоа тоа го направиле многу порано (како што е примерот со Шпанија, Грција и др).

Како и да е, факт е дека, процесот на транзиција, без разлика каде се одвива, во себе содржи неколку нужни, фундаментални претпоставки, односно промени кои навистина беа (некаде и сеуште се) брзи, драматични и пред се, неочекувани (Ацески,1997:38). Меѓу нив се процесите на приватизација, промена на вредносните системи, воспоставување на т.н. неолибералистичка економска логика, односно пазарна економија и др.

Сите овие начела се карактеристични за секој транзициски процес низ кој минува било која држава, а прашањето кое се однесува на тоа колку овие начела се имплементирани, припаѓа на социолошката димензија , во која, впрочем, се дискутира за тоа како во реалноста таа (транзицијата) се спроведува, односно се реализира.

Во земјите кои минуваат низ процесот на транзиција се појавуваат нови, речиси необични феномени, кои во претходниот систем (социјализмот) воопшто не постоеле. Колку за илустрација, поимот сиромаштија се до почетокот на 90-те години на 20-от век воопшто не постоел во речникот на советската општествена наука. Меѓутоа, со постсоцијалистичките, т.е. транзициски промени, особено во сферата на економијата значително се влошува социо-економската ситуација на поголем дел од вработените поединци, а и на вкупното население воопшто. Голем дел од тие што се наоѓаат во таква ситуација, се младите кои се без работно искуство и можност за вработу-

вање, тренд кој е присутен како во неразвиените, така и во развиените европски земји.(Ацески, 1997:44).

## 3.1 Феноменот на транзиција

Во обидите за дефинирање на поимот транзиција, како и за обидите со кои се дефинира некој сложен процес или феномен како што е транзицијата, постојат извесни разлики. Она што е заедничко за сите тие определби е фактот што во сите нив, транзицијата се определува како „премин од еден општествен систем во друг". Тој „премин", сфатен како промена, реформа, во себе содржи промени од типот: преминување од самоуправувачки тип на економија (државна) кон пазарен систем, односно економија; потоа премин кон правна држава со воспоставување на сите соодветни институции; имплементирање на човековите, граѓански права.

На овој вид премин (реформи) после паѓањето на Берлинскиот ѕид, се одлучија дури 27 евроазиски држави, во кои дотогаш доминантен општествен систем на управување бил социјализмот.

Понатаму, важно да се истакне е дека во тесна корелација со процесот на транзиција се и процесите на интеграција. Имено, интеграцијата (европска или евроатлантска) се однесува пред се на приклучувањето на одредена група држави, меѓутоа, слично како транзицијата, и интеграцијата подразбира промени. Тие промени најверќе се однесуваат на правните/политичките и економските димензии на општествениот живот и претпоставуваат адаптирање кон условите и критериумите на организацијата во која одредена земја сака да стане полноправен член.

Во оваа насока, што се однесува до заемната поврзаност на интеграцијата и транзицијата, неопходно е да се истакне дека:...Се додека европската интеграција бара и изградба на нов систем, а не само исполнување на посебните критериуми на една организација (ЕУ или НАТО), таа во исто време претставува и транзиција. (Teokarevic,2004:11:12).

Теокаревиќ (Teokarevic) пак, како надополнување, јасно покажува дека транзицијата е претпоставка за интеграцијата, односно интеграцијата на некој начин, претставува продолжение на процесот на транзиција (Teokarevic,2004:7).

**Транзицијата** пак, според хрватскиот економист, Војниќ може и треба да се сфати, покрај другото, и како **„општествена економско–политичка реформа"** со која би се решиле два најважни проблеми со кои се соочуваат постсоцијалистичките земји: првиот се однесува на **економската ефикасност**, и овој проблем е експлицитно дефиниран и посочен; додека вториот проблем, кој патем е имплицитно поставен, се однесува на **политичкиот аспект** (потребата од демократизација на постсоцијалистичките земји)(Vojnic, 1993: 36).

Постојат автори кои сметаат дека транзицијата е резултат на ситуацијата во која глобализацијата ја наметнува својата потреба од проширување низ целиот свет и со тоа националните идентитети да се намалат, изедначат и униформираат. Всушност во тоа се крие и самата суштина на транзицијата, бидејќи во транзициската несигурност, најголем проблем претставува губењето на идентитетот, а тоа многумина воопшто не го ни знаат, но сепак, на некој начин се свесни дека тука некаде е лоциран проблемот.

Во сличен негативен контекст, транзицијата е ставена и од познатиот економист и еден од најеминентните економски аналитичари во поранешна Југославија, Бранко Хорват, кој, во однос на транзицијата, ќе истакне:

Транзицијата несомнено претставува вештачки создадена економска криза, која трае долги години и на која сеуште неможе да и се одреди крајот. Транзицијата, во својата суштина, е идеолошка одлука со која на луѓето им се сугерира дека треба да преминат во еден посовршен систем, а всушност, тој премин претставува реставрација на капитализмот со карактеристики како што се: корупција, владеење на урбани мафии, експлоатација и екстремна распределба на доходот...Транзицијата е една голема измама, која успеа одредени економии во одредени земји да ги доведе до колапс, на тој начин што придонесе за преполовување на индустриското производство и драстично

зголемување на невработеноста (особено онаа кај младите)и токму затоа, во постсоцијалистичките земји не треба да се преминува од еден во друг систем, туку треба постојните системи и аспекти да се поправат на одреден начин, да се модифицираат (Horvat, 1996:2).

Секако дека овој не така привлечен за Западот пристап кон транзицијата нуди одредено објаснување на процесот на транзиција, бидејќи неможеме целосно да ја „обвиниме" транзицијата дека придонела за зголемување на невработеноста, кога за тоа најголема вина сносат сите оние кои го спроведуваа процесот на приватизација, кој инакуе една од главните димензии на транзицијата.

Кога станува збор за дефинирање на поимот транзиција, треба да се има предвид постоењето и на две важни концепти за транзицијата:

- **Револуционерниот модел**, кадешто се истакнува ставот за брза и радикална промена каде економските реформи им претходат на политичките реформи и каде приватизацијата е главниот елемент на транзициониот процес. Овој модел го следеа најголемиот дел од земјите во Источна и Југоисточна Европа;
- **Еволутивен или "кинески„ модел**, го претставува процесот на транзиција што се одвивал во Република Кина. Суштината на овој модел е во спротивниот начин на одвивање на реформите во споредба со револуционерниот модел. Имено, во овој концепт, политичките реформи им претходат на економските, а притоа, сите процеси кои се директно или индиректно поврзани со транзицијата, се одвиваат со забавено темпо и се одликуваат со висок степен на претпазливост. Во овој модел, тежиштето е ставено врз парцијалните промени кои имаат пред се, експериментална функција, се со цел она што се покажува како функционално, подоцна да биде трајно, формално и интегрално применето. (Ацески, 2002:38-40).

Како и да е, процесот на транзиција за најголемиот број на земји се одвиваше со една основна цел: развојот на општеството да се насочи

кон патот на кој веќе од поодамна се наоѓаат високо развиените земји.

## 3.2 Сиромаштијата во некои од земјите во транзиција

Како што беше погоре истакнато, феноменот на сиромаштијата воопшто и не бил присутен или споменуван додека денешните земји во транзиција биле во поранешниот социјалистички систем. Меѓутоа, самиот процес на транзиција придонесе за создавање но и истовремено зголемување на процентот на сиромашни поединци, пред се, преку зголемување на невработеноста.

Речиси ниедна од овие постсоцијалистички земји не остана имуна на овој феномен. Разликата е само во интензитетот, односно процентот на оние кои се опфатени од сиромаштијата. Па така,може да се каже дека Словенија и Чешка се земјите во кои процентот на сиромашни е релативно низок (се разбира, само во споредба со останатите земји во транзиција), додека сиромаштијата во Бугарија, Романија или Србија е релативно висока (Извештај на Светска Банка, 1999:35). Вакви податоци изнесуваат аналитичарите кои учествувале во изработката на обемната студија, финансирана од Светка Банка, а насочена пред се, кон резимирање на се она што било постигнато во земјите во транзиција во првите 10 години од нивното „извлекување" од социјалистичкиот систем.

Покрај другото, во земјите во транзиција, неспорно е дека промените во економскиот домен, потоа процесите на приватизација, зголемувањето на невработеноста, како и драстичното намалување на животниот стандард, придонесоа за огромното осиромашување на голем дел од населението, посебно оние најбројните, односно оние кои припаѓаа на средната класа во минатиот систем. (Ацески, 2002:126).

### 3.2.1 Република Хрватска

Хрватска е една од земјите во транзиција во кои се создадоа специфични услови за реализација на транзицискиот процес, со оглед на тоа дека таа е една од земјите кои започнаа со транзицијата веднаш после завршувањето на војната која се водеше поради желбата на Хрватска да се осамостои и да се оддели од поранешна Југославија.

Впрочем, Хрватска, дури во текот на 90-те години од минатиот век се соочи со проблемот на осиромашување на поголемиот дел од населението, имајќи предвид дека во најголемиот дел од земјите во транзиција, сиромаштијата нагло се зголемила, како резултат на дотогаш невидено зголемување на невработени луѓе разните промени во еконо-мскиот, политичкиот и социјалниот домен на општествениот живот. Во Хрватска, а и во повеќето други транзициски земји, слабо образованите поединци, невработените, руралното население и сл биле најпогодените групи од сиромаштија.

Факт е дека сиромаштијата негативно се одразува врз целокупниот општествен развој, посебно на економскиот аспект, бидејќи високиот процент на сиромаштија неминовно ги зајакнува и поттикнува кризите поврзани со надворешните фактори, јазот меѓу богатите и сиромашните. Потоа, тоа доведува и до зголемување на криминалот и насилството и сл.

Меѓутоа, иако се смета дека во Хрватска, наглото намалување на производството и зголемувањето на нееднаквоста се главните одредници за зголемувањето на сиромаштјата, сепак, авторите како Предраг Бејаковиќ, се убедени дека овие два фактори се само **привидни**, дека позади нив се скриени сложени меѓуодноси од економски, социјален и политички карактер (Bejakovic,2004:85). Овие процеси може да бидат од круцијално значење во објаснувањето на значајните разлики во конечните исходи, а можат да се искористат и во потрагата по начин за подобрување и на најлошата состојба.

Од ова, Бејаковиќ извлекува заклучок кој се однесува на фактот дека аналитичарите воопшто не треба да го насочуваат прашањето кон тоа

**дали**навистина поради намаленото производство и зголемувањето на нееднa-квоста, се зголемила сиромаштијата, бидејќи според него, одговорот на ова прашање е апсолутно потврден. Напротив, прашањето треба да се насочи кон тоа **зошто** тоа намалување на производството било толку изразено во едни, а помалку изразено во други земји, и зошто зголемувањето на нееднa-квоста се одвивала по различни обрасци? (Bejakovic,2004:85-87).

Како и да е, во Хрватска се до 2001 година, не постоело, односно не било направено ниту едно посериозно истражување за облиците и распространетоста на сиромаштијата. Тоа се сменило токму во 2001 година, со аналитичкото истражување, што во соработка со Светска Банка, го спровела Владата на Република Хрватска. Таа анализа се базирала врз анкетата во врска со потрошувачката на домаќинствата, спроведена во 1998 од страна на Државниот Завод за Статистика на Хрватска. Резултатите сепак, покажале дека нивото на сиромаштијата е релативно ниско, особено ако тоа се спореди со нивото во останатите земји во транзиција (освен Словенија). Имено, според податоците, само 4% од населението живеело со помалку од 4,3 американски долари дневно (индивидуално), односно, околу 10% од населението во Хрватска живеело со помалку од 5,3 американски долари дневно, што се смета за апсолутна граница на сиромаштијата во Хрватска.

**Табела 1.** Приказ на стапката на сиромаштија во транзиционите земји.

| ЗЕМЈА | ГОДИНА | % НА СИРОМАШТИЈА |
|---|---|---|
| 1. Белорусија | 1996 | 20,5 |
| 2. Хрватска | 1998 | 4,0 |
| 3. Естонија | 1998 | 19,3 |
| 4. Унгарија | 1997 | 15,4 |
| 5. Литванија | 1998 | 34,8 |
| 6. Летонија | 1998 | 22,5 |
| 7. Молдавија | 1997 | **68,6** |
| 8. Полска | 1998 | 18,4 |
| 9. Романија | 1998 | 44,5 |
| 10. Русија | 1998 | 50,3 |
| 11. Словенија | 1993-1995 | **Помалку од 1** |
| 12. Украина | 1996 | 35,5 |

Извор: Bejakovic, 2004

Иако Хрватска очигледно има една од најниските стапки на сиромаштијаод сите други земји во транзиција, Извештајот на Светска Банка говори дека сиромаштијата во Хрватска е од трајна природа: малку луѓе се сиромашни, но оние кои се, им треба многу време за да се извлечат од таквата ситуација (World Bank,2001:66). Во тој контекст, треба да се истакнат општествените групи кои се најранливи од аспект на сиромаштијата. Тоа се на пример, старите лица и оние без образование, невработените и неактивните поединци. Иако невработените и неактивните сочинуваат мал дел од сиромашните (од 2,9 до 5,4%), сепак, тие се најмногу изложени на опасност од

сиромаштијата, додека сосема спротивно, вработеноста е прилично силна гаранција за заштита од сиромаштијата.

Освен тоа што сиромаштијата во Хрватска е на релативно ниско ниво, таа е и „**плитка**". Имено, јазот на сиромаштијата во 1998 година изнесувал 1,8% од БДП, а во просек, потрошувачката на сиромашните домаќинства била 20% под границата на сиромаштијата. За да сите сиромашни ја достигнат границата на сиромаштијата со помош на разни социјални програми (на секој сиромашен поединец да му се додели соодветна количина на пари за да го премости јазот на сиромашност) Република Хрватска треба да одвои околу 1% од БДП-то.

Меѓутоа, Бејаковиќ а и другите аналитичари се согласни со ставот дека неможе да се очекува намалување на сиромаштијата ако притоа, не се оствари долгорочен одржлив економски раст. Имено, апсолутната сиромаштија може да се надмине само ако се исполнат двата најважни, според нив, услови: економскиот раст мора да се оствари на одржлива основа или просечниот приход да се зголеми, со тоа што економскиот раст да биде неутрален со оглед на распределбата на доходите или намалување на доходните нееднаквости (Бејаковиќ,2004:91).

### 3.2.2 Република Чешка

Република Чешка е друга специфична транзициска земја. После првите 15 години по падот на Комунистичкиот режим во поранешна Чехословачка, Јан Келер истакнува неколку аспекти кои ја детерминираат социјалната структура во современа Република Чешка.

Од една страна, Чешка била подложена на серија од позитивни и изненадувачки промени. Имено, завршила доминацијата на Советскиот сојуз, потоа централно-планираната економија била заменета со пазарна и други општествени промени карактеристични за процесот на транзиција.

Од друга страна пак, политичката ситуација во Чешка, според Келер, е најблиску до поимот разочарувачка (Keller,2005:472).

Сепак, за Чешкото општество е важно дека преминало од општество со „наметната еднаквост" кон општество со нови форми на еднаквост. Во овој контекст, Келер го истакнува фактот дека пред 90-те години на минатиот век, Чехословачката република била едно од најхомогенизираните општества во социјалистичкиот блок на земји.

Наспроти тоа, Келер доловува една слика за актуелната ситуација во современа Чешка, кадешто Чешка се движи кон еден друг екстрем: тренд во кој нееднаквоста во приходите постојано се зголемува. Со други зборови, јазот меѓу политичката и економската елита од една, и остатокот од населението од друга страна, се повеќе се зголемува. Оваа констатација, Келер ја потврдува со податокот дека во 2005 година, просечниот месечен доход бил скоро 600 евра, а две третини од вработените во Чешка воопшто не биле ниту блиску до овој просек. Во исто време, мала група на вработени поединци (7-8 илјади) примале месечни приходи од 5 до 35 илјади евра. Ова несомнено го потврдува тврдењето дека транзицијата за мнозинството претставува губење на голем дел од материјалниот статус на поединците од една, и енормен економски просперитет за мал број на поединци од друга страна (Bezemer, 2004:8).

Според Келер, најголемиот неуспех за Чешка во процесот на транзиција е неуспехот да се консолидира средниот слој се со цел да се обезбеди социјална безбедност и стабилизација, како на економски, така и на политички план (Keller,2005:471).

Меѓутоа, и покрај укажувањето на овие негативни карактеристики на Чешкото општество во транзиција од страна на Келер, не смееме и не треба да го занемариме многу поважниот дел, а тоа е фактот што Чешка е една од ретките поранешни социјалистички земји кои релативно успешно го трасираа и поминаа транзицискиот пат. Се вели релативно успешно доколку про-

цесот на транзиција во Чешка се спореди со оној на останатите транзициски земји.

За поткрепа на ваквиот став, може да послужат најновите податоци од истражувањето на Европската Комисија откриваат дека Чешка ја има една од најниските стапки на сиромаштија во цела Европска Унија. Впрочем, само 9 % од населението во Чешка живее на или под прагот на сиромаштијата (во Европската Унија овој просек е 17%). (Keller,2005:477).

Овој податок несомнено покажува дека можностите и условите за развој и просперитет во Чешката Република се релативно еднакви, дека постојат мали нееднаквости во распределбата на доходите, факт што и не треба да зачудува со оглед на тоа дека Чешка заедно со Словенија и Полска за време на целиот транзициски период предничеа во однос на останатите земји.

Ваквите податоци укажуваат и на малиот јаз меѓу богатите и сиромашните во Чешка.

### 3.2.3 Република Словенија

Оваа земја епоследен, но не и најмалку илустративен пример.Словенија, иако е по многу карактеристики слична на нашата, се чини со брзината на звукот го помина поголемиот дел од процесот на транзиција. И Словенија, слично како Македонија, речиси на мирен начин се оддели од Југославија (со мала воена интервенција на Југословенската Народна Армија на словенечката граница). Она по што се разликува Словенија е брзината, а и ефикасноста со која ја заврши транзициската голгота.

Сепак, кога станува збор конкретно за одреден општествен проблем, во овој случај сиромаштијата и социјалната нееднаквост, Словенија, ако ја споредуваме со земјите од Европска Унија (ЕУ) и нема баш некоја ниска стапка на сиромаштија. Всушност, првиот извештај, односно истражување за сиромаштијата во Словенија е реализирано од страна на Заводот за статистика на Република Словенија, во 1993 година. При тоа, генералните заклу-

чоци се дека 13,6% од домаќинствата се сиромашни, или 9,6% од вкупното население живее во сиромаштија.

Следниот (а и последен) официјален извештај за нивото на сиромаштија е направен во 1996 година, и според податоците, во сиромаштија живеат околу 14,9% од населението (Vidmar,2000:4)

Како најзагрозени категории на луѓе се посочени семејствата во кои нема економски активни членови; потоа семејства во кои главата на семејството има само основно образование и сл. Може да се утврди дека во скоро сите земји во транзиција постои еден општ сет од карактеристики, својствени за најпогодените категории на луѓе од сиромаштијата, во кој фигурираат: недоволното образование, невработеноста, економската пасивност, возрасната граница и др.

Понатаму, Словенија како ретко која друга транзициска земја, има усвоено повеќе програми за социјална заштита и превенција од сиромаштијата. Во тој контекст, треба да се спомнат повеќето билатерални договори за социјално осигурување и заштита со земјите од ЕУ како што се: Белгија, Италија, Холандија, Франција и други. Исто така, обид за намалување на сиромаштијата и социјалната нееднаквост имало и во креирањето на **„Словенечката Национална Програма за Борба Против Сиромаштијата и Социјалната Нееднаквост"**, која впрочем се состоела од два дела: стратегиски документи и законски мерки. (Vidmar,2000:10). Треба несомнено да се истакне дека иако Словенија е одлучна во својата намера да се справи со сиромаштијата, сепак, во поголем дел од нејзините социјални програми сеуште доминираат пасивните мерки за превенција, иако постојат социјални аспекти во кои доминираат активните мерки за борба против сиромаштијата. Таква е ситуацијата со здравствениот систем и социјалното осигурување.

Во таа насока треба да се спомнат и законските акти кои Словенечката Влада ги донесе, а кои се однесуваат на пензиското и инвалидското осигурување кои ги принудија работодавачите да ги пролонгираат возрасните граници за пензионирање. (Vidmar,2000:12).

Од сево ова може да се заклучи дека во Словенија навистина постојат институции чија главна цел и преокупација им е борбата против сиромаштијата, и чие дејство е примарно насочено кон таа димензија. Токму поради овој факт, степенот на сиромаштијата во Словенија речиси и да не претставува сериозен проблем во функционирањето на ЕУ, кадешто денес, и самата земја е активен член.

# 4. Транзициониот процес и глобализацијата – состојбата во Република Македонија

## 4.1 Македонското општество: пред и за време на транзицијата

Скоро педесетгодишната доминација на социјалистичкиот систем и планската економија, во земјите од Средна и Источна Европа се покажа како неефикасна и непродуктивна. Во таа насока, распадот на социјалистичките земји наметна една потреба овие земји да направат огромни и значајни промени во своите системи посебно од аспект на општествено-политичкиот живот.Всушност, најважниот настан во последниве дваесет или триесет години е токму обидот за транзиција кон глобалната економија, заедно со распаѓањето на социјализмот. Тоа е транзиција од идеја дека социјалниот процес е слепа судбина, кон концептот за историјата како судбина. Глобализацијата, на некој начин е судбина, нешто предодредено, бидејќи или ќе се приклучиш кон тој глобален процес или си надвор од игра. И во обете ситуации не е можно да се влијае на неа (глобализацијата, Т.Т)

Истото ова се однесува и за Република Македонија, која речиси половина век беше во склоп на Југославија. Во тој состав, доминирал социјалистичкиот систем, во кој основна категорија е т.н. ***општествена сопственост*** на средствата за производство. Овој вид на сопственост по аналогија, го исклучувало стоковното производство, што значи непостоење на берза, пазар, трговија и сл. Општествената сопственост, понатаму, имплицирала на

постоење на планско стопанство,кое го прилагодува производството според потребите на заедницата, ја дели потребната работа меѓу сите работоспособни луѓе и гарантира егзистенција на секој човек.Суштината на социјализмот во Југославија се базирал врз правилото за општествена сопственост на средствата за производство.

Сепак, најголемиот проблем со кој се соочувала Југославија и другите социјалистички земји се слабостите во распределбата и производството во услови на планска економија. Речиси постојано слободата на трудот била ставана под контрола со помош на работничките синдикати, а самоуправувањето се појавувало на површина само во услови на криза или во вид на менаџерски системи. Меѓутоа, ако социјализмот во Југославија значел нешто, тоа било залагањето за социјална правда и транзиција од распределба според вложениот труд кон распределба според потребите. (Маршал, 2005:487).

Понатаму, факт е дека во поранешна Југославија, а со тоа и во Република Македонија, социјалистикиот систем не успеал да создаде работничка меритократија, туку само политичка класа, најчесто именувана како **номенклатура** (со оглед на фактот дека наспроти вербата во водечката улога на работничката класа, работниците биле наградувани само со промоција во политички и службенички позиции).

Меѓутоа, многу поважен период за Македонија е оној транзициониот, период кој сеуште трае, и во кој Македонија се обидува преку многубројни структурни реформи да се доближи или евентуално вклучи кон моментално најважниот приоритет, Европската Унија (понатаму како ЕУ).

Транзицијата во Македонија започнува набрзо после осамостојувањето во 1991 година, и се реализира речиси слично како и во сите други поранешни социјалистички земји. Во таа насока, Македонија важи како еден од примерите за тоа како овој процес на транзиција може прекумерно да се одолговлекува. Токму тоа одолговлекување со себе носи низа разни негативни појави со кои македонското општество сега мора да се соочи (континуиран пад на животниот стандард, намалување на квалитетот на живот, ви-

сок степен на корупција (иако емпириски е мошне тешко да се докаже ова тврдење), потоа голем процент на сиромашни луѓе, незадоволни граѓани и сл.).

Покрај другото, според одредени познавачи на оваа област, Македонија неможе да биде класичен пример за транзициска земја доколку се споредува со Словенија, Чешка, Полска и др. поради најмалку две причини:

**Првата** се однесува на фактот што сопствената модернизација, Македонија ја доживеа за време на социјализмот (што неминовно н□ води кон сознанието дека претходно, Македонија не бележела некаков значаен капиталистички развој);

**Втората** причина лежи во фактот што транзицискиот процес во Македонија беше многупати нарушуван, што пак, го оневозможува постоењето на континуитетот, како една важна карактеристика на самиот транзициски процес. Всушност, процесот на транзиција во Македонија често пати беше прекинат од разни блокади, ембарга, војни во соседството но и внатрешни конфликти и сл. (Ацески, 2002:11).

### 4.1.1 Основни карактеристики и процеси на транзицијата во Република Македонија

Најпрво, пред да се истакнат поважните процеси својствени за транзициониот период во Македонија, неопходно е да се спомнат трите фази на транзицијата:

- **Првата фаза е распаѓање на социјалистичкиот систем**, која својата кулминација ја достигнува некаде на почетокот на деведесетите години на дваесетиот век. Постојат премногу обиди за наоѓање на причините поради кои социјализмот како систем пропадна, меѓутоа ниеден од тие обиди не е земен како доволно коректен. Некои истражувачи како Познански се убедени дека пропаста на социјализмот е тесно поврзан со кору-

пцијата на власта во социјалистичките земји. Холмс пак, наведува девет главни причини поради кои социјализмот доживеал неуспех, а меѓу тие е и губењето на легитимноста на овој систем. (Ацески, 2002:45-47).

- **Втората фаза е фаза на транзициски зафати и промени,** за која е карактеристично тоа што се воведуваат конкретни реформски промени и настануваат драматични поместувања. За оваа фаза не се дискутира премногу, бидејќи теоретскиот модел на транзициски промени веќе бил практично проверен, и сега останува на земјите во транзиција евентуално да го усовршуваат овој модел, кој патем, има за цел воведување на две многу важни компоненти: **пазарна економија и парламентарна демократија**.
- **Третата фаза е наречена фаза на консолидација на демократијата,** и неа ја сочинуваат резултатите и последиците од транзициониот процес. Македонија за жал, сеуште не е целосно премината во оваа фаза со оглед на тоа дека процесот на транзиција е во тек. Во оваа фаза, постојат неколку важни сегменти како што се: граѓанското општество, политичкото општество, потоа владеење на правото, и развој на економијата.

Во овој контекст да предочиме уште и тоа дека досегашното искуство на Македонија може да се спореди со другите транзициски земји. Табелата подолу укажува на фактот дека за време на транзициониот период, речиси во сите транзициски земји, вклучувајќи ја и Македонија, се случи драстично опаѓање на БДП. Всушност, до 1997 година, со исклучок на Полска, ниту една друга земја во транзиција не го достигна нивото на БДП остварено пред почетокот на транзицијата.

Конкретно во Македонија, транзиционите промени доведоа до пад на БДП од 44%, во услови кога просечната стапка на раст изнесувала -8%/.

Овој драматичен пад на БДП оневозможи воспоставување на издржлива основа за појавување на нов тип на општествен систем. (Национален извештај за човеков развој, 2000: 49).

**Табела 2.** : Нивото на БДП во 1997 година (1989 = 100%)

| **Земја** | **1997** |
|---|---|
| Централна и Источна Европа и Балтичките држави | 96 |
| **Република Македонија** (минимум во групата) | 56 |
| Полска (максимум во групата) | **112** |
| Заедница на независни држави (ЗНД) на бившиот СССР | 57 |
| Централно и Источно Европските држави, балтичкитедржави и ЗНД | 73 |

Извор: Transition Report, EBRD 1998.

### 4.1.2 Процесот на приватизација во Р. Македонија

Општествената сопственост, онаа карактеристична за Македонија додека била во склоп на Федеративна Југославија, претставува вкупност од економската и општествената организираност, и како таква, се довела до степен на потполна неефикасност, односно непродуктивност. Всушност, поради одредени грешки на владеачката структура, социјалистичките општества морале да се трансформираат.Притоа, процесот на напуштање на стариот и создавање на нов општествен систем (односно прифаќање на веќе постоечкиот систем кој доминира во западните земји), беше започнатбез јасно разбирање на самиот концепт и на потребните чекори за справување со последиците од промените кои притоа би настанале.

Затоа, како една од неопходните мерки својствени за процесот на транзиција е и **приватизацијата** на општествениот, односно државниот имот.

Мора притоа да се истакне, дека процесот на приватизација не е изграден врз некакви идеолошки премиси, туку е воспоставен заради фактот

што приватните претпријатија може да достигнат повисок степен на развој и да помогнат во решавање на оние проблеми за кои планската економија немаше решенија.(Dugalic i Sokcevic, 2007:104-105).

Приватизацијата од страна на ММФ и Светска банка била замислена како процес кој нужно мора да придонесува за економскиот раст на една земја. Меѓутоа, овие институции, за цела несреќа, на приватизацијата и пристапиле од идеолошка перспектива: приватизацијата според нив, морало да биде спроведена ***брзо.*** Затоа оние земји кои брзо ја спроведувале, добивале повисоки оценки. (Stiglic, 2002:68).

Всушност, познато е дека меѓународните финансиски институции кои беа главните промотори на формулата „приватизирај што повеќе”, истата оваа формула ја квантифицираа преку **бројот** на приватизирани претпријатија како еден од поважните услови за добивање кредити од разни европски аранжмани. Табелата 3. подолу доста илустративно покажува колку брзо и во колку голем број се приватизирани претпријатијата.

Во таа насока, приватизацијата добива многу форми, во зависност од природата на одговорностите за кои станува збор, како и од тоа кому му се пренесуваат. Па така, таа може да вклучува јавно пренесување на сопственоста од јавните претпријатија или локални власти. Но исто така, таа може да се изведува како постепено помалку јавно пренесување на државните имоти, помош и регулација.(Маршал, 2005:408).

Кога веќе станува збор за дефинирањето на приватизацијата, според одредени автори, треба да се прави разлика меѓу **приватизација во општа смисла**, која подразбира експанзија на приватниот сектор во националните економии, и кадешто таа се јавува како процес на зголемување на улогата на приватниот сектор и ограничување на улогата на државата во економските активности, и **приватизавија во потесна смисла** на зборот, која пак, се однесува на начините на пренос на државните средства и претпријатија од државна во приватна сопственост. Во таа смисла, приватизацијата претставува предмет на техничка расправа за подготовка на претпријатијата за

продажба, за алтернативните механизми за самиот пренос на сопственоста и за успешноста на претпријатијата откако тие ќе се приватизираат. Со други зборови, приватизацијата во овој контекст би се дефинирала како процес на трансформација на државниот капитал во други раце, односно продавање на претпријатија, делумно или во целост на приватни сопственици за умерени цени.(Poznanski,1992:641).

**Табела 3**: Приватизацијата во Република Македонија (1990-1998).

| **Сектор** | **Приватизирани** | | | **Во процедура** | | | **Треба да се приватизираат** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 |
| Индустрија | 442 | 130,129 | 2,668 | 56 | 13,249 | 210 | - | 5,796 | - |
| Земјоделие | 323 | 14,732 | 260 | 41 | 7,851 | 104 | - | - | - |
| Градежништво | 109 | 31,383 | 197 | 11 | 977 | 46 | 46 | 1,139 | - |
| Трговија | 316 | 17,925 | 484 | 23 | 2,121 | 42 | - | 727 | - |
| Транспорт | 47 | 7,099 | 66 | 7 | 994 | 10 | 9 | 3,987 | 56 |
| Финансии | 98 | 5,814 | 144 | 14 | 370 | 14 | 8 | - | - |
| Занаетчиство | 51 | 2,299 | 31 | 1 | 75 | - | 6 | 643 | - |
| Туризам | 48 | 3,483 | 137 | 12 | 1,529 | 58 | 10 | 878 | 24 |
| **Вкупно:** | **1,434** | **212,864** | **3,987** | **165** | **27,166** | **484** | **79** | **13,170** | **80** |

1. Број на претпријатија
2. Број на вработени
3. Вредност во илјади поранешни Германски марки (ДЕМ).

Извор: Извештај за текот на приватизацијата, Агенција на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, ноември, 1998.

Понатаму, приватизацијата може да се претстави и како еден современ глобален феномен. Имено, ширум светот, националните влади, на почетокот на осумдесетите години на 20-от век, започнале да ставаат под приватна контрола, односно сопственост голем дел од различниот државен имот.

Во прилог на оваа констатација оди и податокот дека од крајот на Втората светска војна па се до крајот на 70-те години, приходите од прода-

жбата на државни имоти низ целиот свет достигнала неверојатни 185 милијарди долари.(Cengic, 1995:21).

За разлика од останатите земји од светот, транзицијата во поранешните социјалистички земји се одвивала по поинаков редослед и имала различна структура и форма. Имено, факт е дека приватизацијата во Македонија, а и во сите други транзициски земји е со политички карактер, таа е всушност политички проект, реализиран од страна на новите политички елити, кои всушност биле составени од припадници на старата „номенклатура" во поранешна Југославија.

Процесот на приватизација во Македонија започнал уште во 1989 година со т.н закони на Анте Марковиќ (**Законот за општествен капитал и Законот за лични доходи**). Концептот на приватизација, според тие закони, претставувал форма на интерно акционерство, односно кога со големи дисконти вработените акционери искористувале и станале сопственици во најголем дел во своите претпријатија. Подоцна, во јуни 1993 година, бил донесен **Македонскиот закон за приватизација**, кој бил дефинитивно различен од оној на Марковиќ и кој бил на некој начин попазарен, а подразбирал бавна, чекор по чекор приватизација, но и ефикасна во исто време. Иако приватизацијата во Македонија се перципирала како платена сепак, според финансиската штедрост на инвеститорите (најчесто домашни менаџери), претставувала продажба на рати. (Нова Македонија, бр.20201).

Па така, уште на почетокот на овој процес, постоела огромна дилема околу изборот на најсоодветниот метод на приватизација. Во фокусот доминирале два типа на приватизација: ваучерскиот метод, од една, и т.н. платена приватизација од друга страна. Како што е добро познато, приватизацијата во РМ се спроведе како специфичен тип на платена приватизација. Дали овој избор бил оправдан или не, може да се согледа од досегашниот ефект на приватизацијата ( економската продуктивност на претпријатијата не се зголеми, не се отворија значаен број на нови работни места, многу претпријатија згаснаа и сл.)

Во Македонија, исто како и во другите транзициски земји, на почетокот од транзициониот процес владеел висок степен на оптимизам дека конечно македонската економија ќе тргне во подобар правец, ќе се премине во пазарна економија што во крајна линија, ќе овозможи подобрување на условите за живот. Меѓутоа, многумина не го земале предвид фактот дека приватизацијата е далеку посложен процес отколку штосе претпоставувало на почетокот и дека спроведувањето на приватизацијата бара прилично многу време, посебно ако треба да се доведе до ниво на ефикасно работење на приватизираните претпријатија.

Целта на приватизацијата во суштина е создавање на ефикасна пазарна економија, односно економски систем кој може да продуцира економски раст и оптимално зголемување на реалниот животен стандард за целокупната популација.

Она што приватизацијата го создаде во Македонија, или поконкретно, оние кои ја спроведуваа приватизацијата, создадоа општо незадоволство меѓу граѓаните, со оглед на тоа дека неуспешноста на приватизацијата придонесе за намалување на благосостојбата, посебно ако нејзиниот „успех" се доведе во корелација со стапката на сиромаштија, невработеноста и сл.

Понатаму, кога станува збор за успешноста на процесот на приватизација треба да се истакне дека пазарната економија генерално, подразбира природен процес на селекција во кој се создаваат нови претпријатија или пак се прошируваат постоечките, меѓутоа, истовремено, одреден број на претпријатија не успеваат да ја остварат пазарната логика да обезбедат профит и во таква ситуација, сопственикот е принуден да го затвори или продаде претпријатието. Вакви ситуации во Македонија доминираа, беа правило во процесот на приватизацијата. (Јакимовски, 1998:32-34).

Сосема извесно е дека ваквите ситуации на ставање на претпријатијата во стечај, нивно препродавање или целосно затворање предизвикуваат одредени социјални последици. Ова оттаму бидејќи транзицијата во РМ, ка-

ко спектар од комплексни процеси и промени, од кои најзначаен е процесот на приватизација, ги опфаќа скоро сите сегменти на општествениот живот.

Имено, многу е веројатно дека со голем број на вакви ситуации, невработеноста, која во Македонија има структурен карактер значајно би се зголемила, што во теоријата, значи дека и процентот на сиромаштија аналогно би се зголемувал. Исто така, една од социјалните последици од неуспешноста на процесот на приватизација е и намалувањето на општата стапка на вработеност (табела 4.), потоа во овој контекст спаѓа дури и очекуваното средно траење на животот кое опаднало кај мажите од 71,1 година во 1994 – на 68,6 години во 1996 година, а кај жените од 74 во 1994 година – на 72,9 години во 1996 година. (Христов, 2007:229).

**Табела 4**: Општ број на вработени во Р. Македонија (1996-2004)

| 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 339.824 | 319.453 | 310.213 | 315.792 | 311.716 | 297.780 | 297.854 | 267.546 | 411.723 |

Извор: Статистички годишник на РМ 2000, 2003, 2005.

Сето ова би довело до намалување на животниот стандард на луѓето и нивно незадоволство, што во пракса и се случи во Македонија. Ваква една состојба сигурно негативно ќе се одрази и на младата популација, за што говори податокот дека младите во Македонија се наоѓаат на дното на скалилото за невработеност во Македонија а и во цела Европа. (Ацески, 2002:102). (види табела 5).

**Табела 5.**: Невработени според возраста во Р. Македонија

| Возраст | Невработени | Структура % |
|---|---|---|
| До 30 | 124,454 | 48,33 |
| 30 – 40 | 68,072 | 26,44 |
| 40 – 50 | 42,393 | 16,46 |
| Над 50 | 22,566 | 8,76 |
| **Вкупно** | **257,485** | **100,00** |

Извор: Државен завод за статистика, Анкета на работна сила, 2000.

Одредени истражувачи сметаат дека во Македонија, процесот на приватизација создаде една состојба во која наместо да се афирмира пазарот, се зголемила државната улога, влијание и арбитража во регулирањето на социјалните процеси во Македонија. Токму затоа, крајниот исход од таквата состојба е зголемена маргинализација и осиромашување на човекот и негово се подлабоко „тонење" поради економската деградација. (Чонева, 1998:59-60).

Како заклучок може да се истакне дека процесот на приватизација во Македонија можеби е при крај, но таа завршува на истиот начин на кој што и започна: без јасна цел, нетранспарентно, без неопходната поддршка од граѓаните, политички конфузна, преполна со контроверзии, скандали и афери.

Токму затоа, Македонија, од аспект на ниво на успешност на транзициониот процес, посебно за делот приватизација, може да се смести во групата земји со не многу успешна транзиција. Факт кој оди во прилог на оваа класификација е тоа што приватизацијата се случувала во услови на драматично раслојување, осиромашување, невработеност, пад на стандардот, социјална исклученост на голем дел од населението и сл. Ваквата состојба особено е лоша за некогашната средна класа чии припадници се префрлаат во подолните социјални слоеви. (Ацески, 2002:158-160).

Покрај другото, меѓу стручната јавност преовладува мислењето дека изминатите две децении, македонското транзициско општество беше препознатливо по две значајни карактеристики: прво, тоа беше мета на низа ембарга, кризи, блокади, воени дејства и сл кои во суштина, претставуваат сериозна закана за економскиот систем. Второ, станува збор за период во кој е пропуштена голема шанса за побрз економски раст.

Сосема е оправдан ставот дека РМ всушност, многу доцна започна со процесот на приватизација (2005), и истиот тој, како што погоре е објаснето започна под голем притисок на меѓународните институции и како таков, денес, во очите на пошироката јавност, приватизацијата останува проблема-

тичен и недоволно јасен процес, наспроти првичното перцепирање на истиот како најреформскиот аспект во транзицијата и најнадежниот чекор кон подобра иднина на македонското општество.

### 4.1.3 Компаративна анализа на приватизацијата во Македонија и другите земји во транзиција (Словенија, Полска, Хрватска)

Скоро секоја земја во транзиција, без разлика на универзалниот карактер на тој процес, има развиено релативно свој и оригинален начин на трансформација на државниот капитал во доменот на приватните претпријатија. Ваквиот начин на пристап произлегува од самиот факт што приватизацијата, во суштина има политичка димензија , како и од намерата на секоја земја во транзиција посебно, да обезбеди реализација на минимум политички цели.

Во тој процес, различни земји користеле различни методи на приватизација, при што некои земји преферирале постепена приватизација, наспроти некои кои се залагале за т.н. **шок терапија**. Други транзициони земји пак, настојувале процесот на приватизација да го задржат внатре во самата земја, додека други во тој процес биле отворени за странските инвеститори.

Во таа насока, би било научно оправдано доколку детално го објасниме процесот на приватизација во секоја транзициона земја посебно (Словенија, Хрватска и Полска), потоа изнесеме податоци за успешноста на овој процес во секоја земја, и на крајот да го споредиме текот на приватизацијата во овие земји со оној во Република Македонија.

Најпрво, со оглед на големата сличност во скоро сите аспекти (географски, територијални, па и социо-економски), ќе го анализираме примерот на Република Словенија.

Уште во рамките на поранешна Југославија, Словенија, заедно можеби со Хрватска а и Србија, важеше за една од поразвиените и понапредни републики. Токму затоа, економската криза во Југославија, како и нејзиниот распад, Словенија ги надмина најбрзо и „најбезболно".

После осамостојувањето, оваа земја воведе нов монетарен систем, ги преструктуираше скоро сите банки и финансиски институции и ја одржуваше невработеноста на задоволително ниво. Со оглед на тоа дека е пазар од приближно два милиони потрошувачи, сосема е очекувано дека ваков вид на пазар, би бил зависен од извоз, што пак, резултираше со брзо наоѓање на нови пазари.

Од аспект на спроведувањето на приватизацијата, Словенија има мошне специфична историја. Имено, целиот процес се одвивал етапно, при што на почетокот се карактеризирал со концентрирана сопственичка структура. Во таа насока, треба да се истакне фактот дека Словенија е една од ретките земји кои ги игнорираа советите и инструкциите на Западните развиени земји, а кои се однесуваа на примена на т.н. **шок терапија** и градење стратегија за привлекување на странски инвестиции. Дури официјална Љубљана го одби и ММФ, со објаснување дека Словенија знае како да се справи со транзицијата. (Cvijeticanin, во Socioloski pregled br. 38, 2004:96).

Напротив, Словенија се одлучи за делумно поконзервативни реформи и ваучерски модел на приватизација, при што владата им поделила на граѓаните ваучери, кои во основа претставуваат специјални приватизациони пари со кои луѓето можат да купуваат акции во претпријатијата или државните фондови. Притоа, значајно е тоа што ваквиот модел на приватизација, од теоретски аспект, претставува елегантен и релативно брз метод на пренесување на сопственоста, особено поволен за актуелната влада која го спроведува.

Меѓутоа, според одредени аналитичари, ваквиот модел е прилично крут, бидејќи со него акцентот се става на макроекономската стабилност како клучна цел, што во одредени околности, резултира со избегнување на зависноста од странските инвеститори. (Јовановска, во Капитал, 2003).

Затоа, Словенија остана забележана како ретка земја во која странските инвеститори не биле баш добродојдени, со оглед на тоа дека откако најголемиот дел од приватизацијата завршила, во Словенија, најголем број

на претпријатијата останаа во државна сопственост или во најмала рака, биле купени од граѓани на Словенија.( Табела 6.)

**Табела 6.:** Структура на сопственичкиот капитал во Словенија откако е завршена приватизацијата.

| Група на сопственици | Сите претпријатија | Берзански претпријатија | Интерно-привати. претприј. | Комбинирано-приват. претприј. |
|---|---|---|---|---|
| **Државен капитал** | **7,75** | **6,78** | **2,02** | **11,92** |
| Пензиски фонд | 21,60 | 2,49 | 21,28 | 22,19 |
| Приватизациско-инвестициски фондови (ПИФ) | 19,38 | 17,65 | 14,88 | 22,99 |
| **Сите фондови** | **40,98** | **38,14** | **36,16** | **45,18** |
| Менаџери | 3,86 | 1,41 | 4,98 | 3,95 |
| Моментални вработени | 29,23 | 21,88 | 38,08 | 25,80 |
| Поранешни вработени | 11,05 | 7,48 | 14,58 | 9,90 |
| **Интерни сопственици** | **44,14** | **30,77** | **57,64** | **39,65** |
| Финансиски инвеститори | 4,83 | 22,45 | 0,63 | 1,64 |
| Стратешки инвеститори | 2,30 | 1,86 | 3,55 | 1,61 |
| **Надворешни инвеститори** | **7,13** | **24,31** | **4,18** | **3,25** |
| **ВКУПНО** | **10,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** |

Извор: Simoneti, M., Bohm, M (2001).

Следна земја која треба да се анализира е **Република Хрватска**, која на почетокот на деведесетите години, имала прилично добра стартна позиција кога станува збор за транзицијата, односно процесот на приватизација, највеќе поради структурата на економскиот систем која го наследила од Југославија.

Она што е најкарактеристично за оваа транзициска земја, е секако фактот дека националната економија била децентрализирана, за разлика од повеќето други транзициски земји, што пак, овозможува поголема автономија на претпријатијата. Меѓутоа, и покрај тоа што во економското однесување и

работење на хрватските претпријатија биле присутни повеќе пазарни елементи, сепак, истите тие претпријатија дејствувале во рамките на она што се нарекува планска економија, кадешто економските субјекти не биле принудени да ја превземаат одговорноста за успехот, односно неуспехот на пазарот на труд. (Sokcevic, 2007:121).

Приватизацијата во Хрватска, се дели на две фази:

- **Првата фаза**, се одликува со една основна цел, а тоа е укинување на општествениот капитал во најголем можен дел. За таа цел, во 1991 година, донесен е Закон за трансформација на општествените претпријатија. (Табела 7).
- **Втората фаза,** има друга цел, која се состои во трансфер на акциите кои ги стекнал Хрватскиот фонд за приватизација, во смисла на пренесување на приватното право на физичките и правните лица.

Некаде на почетокот на 1996 година, Хрватска се решава за примена на еден друг метод на приватизација, а тоа е купонската или масовната приватизација. Примената на овој начин на приватизирање практично се случил дури во 1998 година, кога биле продадени дури 1,9 милијарди евра капитал. Меѓутоа, од завршувањето на купонската приватизација, па се до денес, процесот на приватизација се одвивал повремено.

**Табела 7**.: Хрватска – резултати од прва фаза на приватизација

| | Номинално | % |
|---|---|---|
| Број на претпријатија | 2553 | 100 |
| Капитал (во милиони евра) | 12,443 | 100 |
| Број на акционери | 589,343 | |
| Просечен износ на капиталот (во милиони евра) | 4,75 | |
| Просечен број на акционери | 231 | |

Извор: Bendekovic, 2001.

Како последна земја – пример е **Република Полска**. Оваа земја, е една од ретките која има прилично долга „предисторија" од аспект на процесот на приватизација. Имено, сеприсутните економски реформи постепено создавале простор за недржавни економски активности, особено после 50-те години на 20-от век.

Формирањето на акционерските претпријатија започнало во 1989 година. Голем дел од овие претпријатија бил во сопственост на државата, а останатиот на менаџерите, што практично значи дека целото претпријатие било во рацете на **номенклатурата.** Овој тренд предизвикал големо незадоволство меѓу граѓаните, поради што Владата на Полска морала да го забрани, и на почетокот на 90-те години да предложи брза, односно масовна приватизација. Меѓутоа, овој предлог на бил одобрен, по што приватизацијата во оваа земја продолжила да се реализира со методот „случај по случај".

Овој метод не важел и за малите и средни претпријатија, за кои бил предвиден различен модел, т.н. **метод на стечај**, односно, кога некоја фирма ќе прогласела стечај, имотот на истата морало или да се продаде или да се изнајми на домашен или странски инвеститор. (Sokcevic, 2007:118).

Од еден друг аспект, може да се истакне дека, генерално, во Полска, во моделите на приватизација се применети два методолошки пристапи: 1) приватизација на капиталот (**индиректна приватизација**) и 2) продажба на сопственоста на претпријатијата (**директна приватизација**). Во тој контекст, во рамките на директната приватизација, доминантен метод бил **лизингот**, со кој се остварил најголем број на т.н. **Buy-out** приватизирани претпријатија (пренесување на сопственоста на вработените работници). (Polic, 2009:404-406).

Од произнесените податоци може да се утврди дека процесот на приватизација, во сите транзициски земји без исклучок, произлегува од падот на комунизмот и огромната желба на новите политички елити да со помош на приватизацијата го добијат посакуваниот легитимитет. Токму затоа, како

што е спомнато и во претходните делови на ова истражување, процесот на приватизација, пред се, претставува политички проект со долгорочни социјални, економски и политички импликации.

Политичкиот карактер на процесот на приватизација е една од причините за противречноста на самиот тој процес, а која се лоцира во непостоењето на баланс помеѓу приватизацијата и општествената праведност, што пак води кон еден друг поим, **псведопроватизација,** со кој се опишува појавата кога самиот процес на приватизација се користи за претворање на политичката моќ во нови економски вредности и богатства. Со вакви акции најчесто се наградуваат поединци или групи за нивната политичка верност, а со нив исто така, се зајакнува и моќта на одредена политичка елита. (Sokcevic, 2007:119).

Исто така, во оваа анализа беа опфатени транзицискин земји кои припаѓаат на т.н. прв интеграциски круг (во кој, покрај Словенија и Полска, спаѓаат и Чешка, Унгарија, Естонија), но и земји кои фигурираат како „помалку успешни транзициски земји" кадешто покрај Р. Македонија, се наоѓаат и Хрватска, Романија, Бугарија.

Она што е најзначајно е тоа што земјите од т.н. прв интеграциски круг, во голема мера ги надминале и совладале препреките кои со себе го носи приватизацијата, што пак придонесува за солиден економски развој на тие земји, ниска стапка на сиромаштија, низок процент на невработеност, повисок животен стандард и сл. Од друга страна се наоѓаат земјите како Р. Македонија, кои не успеале во целост да ги реализираат поважните аспекти на приватизацијата, што значи голем јаз помеѓу објективната и проектираната реалност. Со други зборови, делумната неуспешност на приватизацијата е една од поважните причини кои го намалуваат животниот стандард и задоволство на граѓаните, ја зголемува стапката на сиромаштија и невработеност и сл. ( За подетална слика за сиромаштијата во најголем број од транзициски земји, види табела 1, стр.36)

### 4.2 Глобални трендови кои имаат влијание на општествено–економската структура на македонското општество

Македонија, како дел од глобализацискиот процес,честопати е директно засегната од глобалните процеси и текови кои се случуваат низ светот.

Еден од многуте такви процеси, кои во рамките на овој труд, сметам дека најмногу ќе послужи, секако е **светската економска (финансиска) криза** која ја зафати глобалната економија во 2008 година.

Денес живееме во свет во кој механизмот на слободниот пазар создал таков тип на економија кадешто профитот е основна цел. Покрај сите позитивни димензии и аспекти на пазарната економија, сепак, неоспорен е фактот дека токму слободната трговија (пазар) е главната причина за зголемената несигурност на работниците, со оглед на тоа дека човекот, најгрубо кажано, во вакви економски услови, е обична стока.

Исто така, се почесто сме сведоци на ситуации во кои луѓето се во крајна неизвесност, и во кои сите богатства се релативни. Денес, многу лесно може да се случи човек да го изгуби своето работно место или да му се загрози сопствената социјална сигурност. Ваквите состојби, сметам дека нужно водат кон зголемување на бројот на сиромашни и социјално исклучени лица. Во тој контекст, веќе познатата поларизација (сиромашните стануваат се посиромашни а богатите се побогати) исто така води кон зголемување на сивата економија и криминалот, а во краен случај, водат и кон социјални и политички немири од поширок размер.

Сеуште актуелната финансиска криза најпрво започна во Соединетите Американски Држави(понатаму во текстот како САД), поточно се појави на пазарот на недвижности во САД, за потоа да се прошири и врз финансискиот систем и економијата.

Всушност, кризата настана како последица од водењето на неодговорни политики од страна на надлежните државни институции, чија цел патем е контролирање на финансискиот пазар. Меѓутоа, кризата настана и од

фундаменталните слабости кои со години егзистираат во сферата на финансиската контрола и регулатива во САД. Изворот на овие слабости се лоцира во идејата за „неограничена либерализација на финансискиот пазар”, пропратена со слаба контрола и минимална регулатива на инвестициските фондови и банки.

Драстичен пад на берзанските индекси, недостаток на свеж капитал и зголемени камати за кредитите се едни од позначајните ефекти од кризата која ја погоди глобалната економија. (Dragutinovic et al, 2009:64).

Сосема точно е дека светската економија беше „болна” уште пред 2007 година, односно уште пред почетокот на светската економска криза. Поентата е во тоа што „пукањето” на кредитниот меур дополнително ги разобличи и онака бројните слабости на глобалната економска логика. Во исто време пак, нивото на јавната потрошувачка во развиените земји, особено САД, беше премногу високо (скоро 80% од американскиот народ, секоја година трошеле средства чија вредност изнесувала 110% од нивните приходи).

Постојат релевантни истражувачи како Стиглиц, според кој, дури и во случај финансискиот сектор да заздрави во целост, оние Американци кои нема да ја научат лекцијата за штедливост ќе бидат принудени да ја ограничат потрошувачката на 100% од своите приходи. Значи, сите кои зборуваат за „враќање“ на потрошувачкиот менталитет живеат во светот на фантазијата. (Stiglitz, 2010).

Според истиот автор, веќе докажан во сферата на економијата, САД и светот беа жртви на сопствениот успех, бидејќи е намалено нивото на производство и многумина се сосредоточија на развој на секторот услуги. На тој начин, намален е бројот на работните места во производствениот сектор на глобално ниво и беа продлабочени разликите меѓу луѓето.

Друг феномен кој може значајно да влијае врз развојот на едно транзиционо општество како македонското, е приливот на странски директни инвестиции (СДИ понатаму во текстот). Имено, изворите на финансирање

во транзициските економии се делумно недоволни за финансирање на инвестициите кои евентуално би го поттикнале одржливиот економски раст.

Според одредени аналитичари на оваа област (Делевска, Antevski и др), најочигледна причина за ваквата состојба е банкарскиот сектор кој не е подготвен за преземање ризици, како и недоволно развиениот пазар на капитал. Затоа, се смета дека СДИ ќе се покажат како одлучувачки фактор кој е способен да ја реструктуира економијата на овие транзициони економии, и преку нив да се инвестира многу повеќе отколку што тоа го можат домашните претпријатија.

### 4.2.1 Влијание на светската економска криза врз македонското општество

Иако Македонија е мала земја, со релативно мала економија, чиј банкарски и финансиски сектор не е доволно интегриран во светскиот, сепак, и македонското општество во целина почувствува значаен дел од светската економска криза.Всушност, токму заради глобалната поврзаност на економиите, на државите и луѓето, информациите за случувањата во финансиската и економската сфера воопшто, се шират брзо и предизвикуваат страв и несигурност кај луѓето. Самата глобализација на некој начин го мултиплицира негативниот ефект од појавата на посериозна рецесија и истата да се прошири до невидени размери.

Од чисто економски аспект, влијанието на кризата врз македонската економија може да се објасни на следниов начин:

Македонската економија се карактеризира со надворешна трговија, чиј обем на годишно ниво, достигнува околу 100% од годишниот БДП на земјата. Економијата е зависна од увозот на стоки кој е скоро двојно поголем од извозот кој го прави Македонија. Како резултат на тоа, трговскиот дефицит на Македонија во одреден период достигна ниво од над 25% од БДП-то во 2008 година со апсолутна вредност од над 2,5

милијарди долари. Високиот трговски дефицит традиционално, во значаен дел, се финансира преку дознаките од македонските работници во странство.

Светската криза несомнено влијаеше директно на ваквите трансфери кои наспроти растот на трговскиот дефицит останаа на исто ниво. Ваквите неповолни тенденции создадоа огромен дефицит на тековната сметка во висина од 14% од БДП во 2008 година. На тој начин, Македонија влезе во состојба на економска рецесија, проследена со силно влошување на состојбите во надворешниот сектор.

На тој начин, од кризата најпогодени беа главните извозни сектори на македонското стопанство: металургијата, текстилната индустрија и извозот на земјоделските производи. Овие сектори кои кумулативно учествуваат со над 2/3 во вкупниот извоз, го намалија извозот поради падот на побарувачката за нивното производство и последователниот пад на нивните цени на светскиот пазар.

Во исто време, голем дел од вработените во овие индустрии остануваа без работа или заминуваа на принуден одмор или минимално платени отсуства.(Спасов, et al, 2009:4).

Што се однесува до прашањето за влијанието на светската економска криза врз процесот на понатамошното социјално раслојување и зголемување на социјалните нееднаквости во Македонија, фондацијата Friedrich Ebert спроведе едно солидно истражување во кое, во однос на оваа проблематика, се тргна од тоа дека процесот на транзиција во Македонија предизвика сериозно зголемување на стапката на невработеност, до опаѓање на животниот стандард и до зголемување на процентот на население кое живее на под минималниот праг на егзистенција. Во прилог се изнесени основните податоци до кои дојде ова истражување.

Имено, продуктивноста на трудот на годишно ниво, изразена преку БДП по вработен во долари, мерена според методологијата на паритет на куповна моќ, покажува дека во периодот од 1990 година до 2006/7 година е намалена од 3972 долари на 3528 долари, или за цели 10%. Тоа е голема загуба со оглед на фактот дека во меѓувреме е намален и бројот на вработените, односно невработеноста се зголемила од 18% во 1990 на 34% во 2007.

Тука треба да се каже нешто и за односот меѓу богатите и сиромашните во Македонија. За таа цел, ќе послужат податоците од Светската банка според кои, најсиромашните 20% од населението во Македонија (околу 400 илјади луѓе) кои се на дното на социјалната пирамида, располагаат само со 6,1% од доходот на земјата, додека најбогатите 20% од населението располагаат со неверојатни 45,5%. Овој сооднос е 7:1, додека соодносот на богатството меѓу најбогатите и најсиромашните е поголем од 12:1.

Оттука, со право може да се претпостави дека светската економска криза и домашната рецесија влијаат врз ваквите состојби уште повеќе да се влошат.

Во контекст на социјалната структура и социјалната положба на населението, авторите на ова истражување се обиделе да создадат една слика за самоидентификацијата на населението за социјалната положба на истото. За таа цел, било побарано од анкетираните да го оценат животниот стандард на своето домаќинство на скала од 1 (најнизок) до 10 (највисок). Во продолжение, се добиле податоци според кои дури 35% од испитаниците сметаат дека животниот стандард на нивното домаќинство е многу низок.

Како заклучок од овој дел од истражувањето, авторите констатираат дека:

„...Влошувањето на економската состојба во Македонија во изминатиот период не се одразило драматично врз промените во социјалната структура на населението□□.

Како аргумент кој го потврдува ваквиот став се податоците според кои 10% од населението во Македонија спаѓа во групата привилегирани, 27-30% во групата сиромашно население (според критериумите на Светска банка), додека 50-60% спаѓаат во она што теоретски се нарекува среден слој.

Исто така, треба да се истакне фактот дека најмногу поради преголемата задолженост на македонските граѓани (милион и триста илјади долари), се создава перцепција дека кризата сепак доведува до понатамошно осиромашување на населението, посебно на оној дел од населението кој веќе спаѓа во групата социјално загрозени. Во исто време, економската криза би може-

ла да доведе до зголемување на нееднаквостите во Македонија кои веќе го достигнаа соодносот од 12:1. Овие социјални нееднаквости нужно водат кон т.н. доброволно социјално исклучување на најбогатиот слој (10%) и принудно социјално исклучување на најсиромашните (30%), со што пак, се зголемува кризата на учеството на овие граѓани во социјалниот живот.(Спасов, et al, 2009:12-25).

### 4.2.2 Влијание на странските директни инвестиции врз македонското општество

Процесот на транзиција кај Балканските земји по многу димензии се разликува од оној во земјите од Централна Европа. Имено, за земјите од Централна Европа се својствени успешни реформи со цврсти стабилизациони програми, ниска инфлација, висок економски раст, отворање на многу конкурентни компании кои го освојуваат светскиот пазар. Нив ги карактеризира и континуиран процес на унапредување на односите со ЕУ, како и висок прилив на СДИ.

Колку за илустрација, големиот пазар (Полска) и програмите за приватизација отворени за влез на странски инвеститори (Унгарија) се едни од клучните аспекти кои придонесоа кон привлекување на странски инвеститори во овие транзициони земји. За земјите за кои се смета дека успешно го завршиле процесот на транзиција, странскиот капитал значел не само поголема стапка на раст и забрзани и ефикасни структурни реформи, туку и подобрување на надворешната финансиска состојба, односно зголемување на девизните резерви, подобрување на салдото на тековната сметка, добивање на поповолен кредитен рејтинг и слично.(Делевска, 2005:101).

Македонското општество пак, објективно, претставува нестабилен простор на кој се појавуваат длабоки и сериозни проблеми кои на одреден начин оневозможуваат трансформацијата (како процес на длабоки економски реформи на системот) да се одвива со забрзана динамика.

Ова води кон заклучокот дека навистина, земјите кои подоцна ги започнаа економските реформи, неможат да „фатат чекор" со останатите земји кои со тоа започнале многу порано.

Еден показател за тоа дека Македонија е неатрактивно поле за инвестирање е фактот дека од 1995 до 2005 година, во Македонија се инвестирале1,9 милијарди американски долари. Послабо рангирани од нас по ова прашање тогаш биле Албанија (која сега, откако стана членка на НАТО, веќе не спаѓа во оваа група), Молдавија и Босна и Херцеговина.

За да може да влегуваат СДИ во нашата земја, неопходна е ситуација во која една или две стопански гранки бидат доминантни (без голема разлика за тоа дали станува збор за енергетскиот сектор, финансискиот или пак индустрискиот сектор).

Исто така, зголемувањето на СДИ во Македонија, би значело ново искуство, знаење и пари, аспекти кои се од суштинска важност во обидот за преструктуирање на претпријатијата во нивната постприватизациона фаза.

Понатаму, зголемениот прилив на СДИ би донел нови технологии со кои несомнено се овозможува зголемување на продуктивноста, подобрување на квалитетот и конкурентноста на производите, повисоки плати а со тоа и подобар квалитет на живот кја самите граѓани.

Во однос на видовите на СДИ, постојат повеќе определби, од кои како најзначајна е онаа која се однесува на структурата на самите СДИ и која разликува пет нивоа на СДИ:

- **Првата категорија**, а воедно и најпосакувана е т.н. **гринфилд инвестиција,** која подразбира отворање на целосно нов производствен капацитет кој би произведувал добра наменети за извоз и/или супституција на истите производи кои дотогаш се увезувале во државата.

  Оваа категорија ан СДИ има свои директни ефекти врз економијата на една држава, како што е отворање нови работни места и реално и континуирано зголемување на домашното бруто-производство на државата.

- **Втората категорија** на СДИ се состои во продажба на постојните производствени капацитети чии производи се извозно ориенти-рани на меѓународни компании кои веќе изградиле статус на глобални лидери во одреден сектор. Ваквите СДИ исто така имаат ефекти врз економскиот систем на државата а се однесуваат на зголемување на вработеноста во државата, задржување на работните вештини во домашната економија и придонесуваат за континуирано зголемување на домашното бруто-производство.
- **Третата категорија** подразбира продажба на компании што им нудат услуги на домашната економија, а се во државна сопственост. Соодветни примери за во РМ се секакопродажбата на Македонски телекомуникации и Електростопанство на Македонија (ЕСМ).Значајно за ваквиот тип на СДИ е тоа што приливот на средствата е концентриран на едно место (Владата располага со тие средства), се создава можност за нивно искористување за други намени и цели (подобрување на инфраструктурата, изградба на разни институции и сл.). Она што е симптоматично а во ист момент и проблематично е тоа што ефектот на овие СДИ врз домашното бруто-производство зависи од начинот на кој средствата од продажбата се искористени. Конкретно за Македонија, ефектот од продажбата на Телеком и ЕСМ беа минимални со оглед на тоа дека средствата од продажбата на Те-леком главно се искористија за „пополнување” на внатрешно-на-дворешната финансиска дупка која се создаде поради конфликтот во 2001 година, додека средствата од продажбата на ЕСМ завршија како дел од државните девизни резерви.
- **Четвртата категорија**, која заедно со последната, петтата, се најнепосакуван вид на СДИ, се состои во продажба на приватни компании од постојните локални сопственици/акционери што во основа, им ги нудат своите услуги на домашниот пазар. Вакви примери во РМ се продажбата на Охридска банка на француската банкарска корпора-

ција Сосиете женерал (Societe generale), и продажбата на Инвест банка. Во ваквиот тип на СДИ, всушност, станува збор само за промена на сопственоста, при што, странски инвеститори ја откупуваат фирмата од домашните акционери. Ефектите од ваквите СДИ е минимален, а во одредени ситуации може да биде и негативен, во зависност од начинот на кој се користат добиените девизи од продажбата.

- **Последната категорија** на СДИ е најмалку посакувана форма на СДИ, но во Македонија е најчеста. Имено, станува збор за градежни објекти наменети исклучиво за трговија. Соодветен пример се трговските центри кои за релативно краток период се појавија низ Македонија, поголемиот дел во Скопје, како што се Рамстор, Веро, Туш и сл. На прв поглед, овие инвестиции симулираат позитивен ефект врз реалната економија (посебно за време на нивната изградба), меѓутоа, ефектот на долгорочен период е минимален а може да биде и негативен. Имено, кај ваквите трговски центри постои тенденција да продаваат производи од матичните земји, со што се стеснува просторот за пласирање на македонските производи. (Дончев, 2010).

Покрај статусот на неатрактивно место за инвестирање, сепак, во последните години, Владата на РМ упорно воспоставува регулативи со кои на странските инвеститори им се даваат солидни можности за инвестирање.Тие регулативи се состојат од обезбедени даночни и績 царински олеснувања, рамноправен третман во делувањето, заштита на сопственичките права.

Странските инвеститори исто така, **не подлежат на т.н. двојно оданочување** благодарение на спогодбите за одбегнување на двојното оданочување склучени со РМ.

Во прилог на ставот дека Македонија може да стане атрактивна за странските инвеститори, одат неколку аспекти кои Македонија ги поседува, а кои ќе бидат од огромно значење за странските инвеститори. Такви се: евтини ресурси, потоа евтина и делумно образувана работна сила, квалитетни резерви на неметали, солидно изградена економска основа, потоа посто-

ење на можности за остварување повисок профит преку инвестирање во услужниот сектор и др.

### 4.2.3 Милениумските развојни цели на Обединетите нации (ОН)

Светот во 20-от век беше место на кое се одвиваа големи промени, се создаваа многу разни ситуации и состојби, некои од нив полезни, некои не за човечкиот род. Во тој период светот се соочи со многу предизвици и проблеми, кои не дека во минатите векови ги немало, меѓутоа, не биле со тој интензитет и размер.

Големиот подем на индустријата, развојот на технологиите, економските стратегии на големите држави во многу аспекти го подобрија просечниот живот на луѓето, но во исто толку аспекти и го уназадија. Со оглед на фактот дека секоја појава, процес или акција има своја позитивна димензија, од една, и негативна димензија од друга страна, ова правило важеше и за промените во 20-от век.

На почетокот на 20-от век, па се до средината, светот го тресеа стотици војни, од кои две со светски размер, Првата и Втората светска војна, кои со себе однесоа многу човечки животи во неповрат, и оставија трајни последици врз скоро сите земји учесници во тие војни, а и воопшто за целиот свет.

Овие процеси и промени несомнено имаа влијание врз целокупната с-цијална структура на општествата. Тие го видоизменија економскиот, политичкиот и културниот аспект на секое општество. Се разбира, тоа не оди во прилог на мнозинството луѓе, и затоа, од 80-те години па наваму, владите на развиените земји правеа големи напори за излез од таквата незадоволителна состојба.

Тие напори резултираа со воведувањето на т.н. ***Милениумски развојни цели***(МРЦ во понатамошниот текст) на почетокот на 21-от век, односно во 2000 година, на познатиот Милениумски самит, организиран од ОН, на

кој учествуваа многубројни претставници на голем број земји. Основната цел на овие цели беше да се интензивира развојот на сиромашните земји преку подобрување на нивните социјални и економски услови. Овие цели се засновуваа врз неколку основни глобални проблеми со кои се соочува човештвото, како што се проблемот на сиромаштија, загадување на животната средина, почитување на човековите права, дискриминацијата по разни основи и сл. Всушност, за МРЦ може да се каже дека претставуваат можност за остварување на историски, фундаментални промени за човештвото од аспект на прогресот на глобален план.

Постојат 8 МРЦ, меѓу кои, освен првата МРЦ (искоренување на проблемот на сиромаштија и глад), се и: **обезбедување примарно образование низ целиот свет** (при што приоритетот на оваа цел е дека сите момчиња и девојчиња ширум светот мора да имаат услови за примарно образование); **Промовирање на поголема родовова еднаквост и еманципирање на жената,** потоа **намалување на смртноста кај децата**(односно намалување на стапката на смртност кај доенчињата и децата под пет годишна возраст), па следи **подобрување на здравјето на родилките**( кадешто основната цел е да се намали за три четвртини стапката на смртност кај родилките во периодот од 1990-2015 година). Како шеста МРЦ е наведена **борбата против ХИВ/СИДА и туберкулоза,** а како седма на листата на МРЦ се наоѓа **обезбедувањето на одржливост на животната средина**, што подразбира интегрирање и имплементирање на принципите на одржлив развој во националните политики и програми, како и спречување, односно намалување на загубите на природните ресурси во животната средина. Како последна, но не и најмалку значајна МРЦ се наоѓа **развивањето на глобално партнерство за развој**, при што би се создала поволна средина која ќе го стимулира влезот на странските директни инвестиции до 7% од БДП до 2015 година.

Меѓутоа, за целта на овој труд, потребно е дополнително толкување и интерпретирање само на првата МРЦ а тоа е: ***искоренување на проблемот на сиромаштија и глад.***Таа имено, е составена од две таргет цели, од кои

едната е насочена кон намалување на бројот на лица низ светот кои живеат со помалку од еден долар дневно, за една половина, во однос на нивниот број во 1990, кој патем, изнесувал 1,25 милијарди луѓе. Втората таргет цел се однесува на намалување исто така за една половина на луѓето ширум светот кои страдаат од глад.

Еден од начините со кои би се реализирала оваа цел, е обврската на големите развиени земји, годишно да одвојуваат 0,7% од нивниот БДП. Во однос на ова прашање, многубројни анализи и извештаи покажаа дека наместо планираните 0,7%, развиените земји, земено во просек, одвојуваат само 0,22%.

Како и да е, стои фактот дека екстремната сиромаштија низ светот е на некој начин „морална навреда" за нашето човештво. Овој проблем исто така прави останатите проблеми со кои се соочуваме да бидат уште посериозни. Колку за илустрација, за сиромашните земји, посебно оние во кои постои голема нееднаквост меѓу етничките и религиските заедници, важи правилото дека имаат далеку поголема веројатност да се „заплеткаат" во одредени конфликти, за разлика од богатите земји (Annan, UN report,2000:19).Секако, повеќето од овие конфликти се внатрешни, меѓутоа сепак, тие пре-дизвикуваат меѓународно внимание и алармираат дека треба меѓународна интервенција.Треба да се спомe и тоа дека во сиромашните земји, многу че-сто постои недостиг од средства, механизми и ресурси за имплементирање на разни стратегии и политики. (Извештај на Влада на РМ за МРЦ, 2009, 17-20).

Кога станува збор за оваа МРЦ и нејзината имплементација во Република Македонија, постојат неколку аспекти:

Веќе утврдивме дека сиромаштијата има комплексни и мултидимензионални причини и последици, а самиот феномен создава низа неприлики и длабоки долготрајни последици врз самиот поединец но и врз самото општество. Несомнено, последиците од сиромаштијата, гледано на долгорочен аспект, не влијаат само на оние кои се сиромашни, туку тие се пренесу-

ваат генерациски и притоа влијаат врз животните промени и вредности на поголемиот дел од средината.

Оваа МРЦ како што и претходно беше истакнато, содржи една подцел според која, до 2015 година, учеството на населението кое живее под границата на сиромаштијата да се намали на 9,5%. Како своевидни показатели се користат: застапеноста на сиромаштијата; длабочината на сиромаштијата; Џини коефициент и др. Исто така, вреди да се истакне дека токму оваа Милениумска цел, на Европскиот совет во Лисабон, беше посочена како главен приоритет на земјите – членки на ЕУ. Притоа, се постигна заедничка согласност дека борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост најдобро би вродила со плод преку отворен метод на координација, во кој клучните елементи се општите договорени цели во врска со сиромаштијата и социјалната исклученост.

Во Република Македонија, како една од земјите кои нужно мораа да го поминат транзицискиот пат, истиот тој транзициски процес остави видливи траги врз новоформираното општество засновано на пазарната економија, која подразбира приватна сопственост, плуралистичи политички систем, нов систем на вредности и сл.

Токму транзицијата како процес, се посочува како главниот причинител за високата стапка на сиромаштија во Македонија, со оглед на фактот дека таа предизвика крупни промени во социо-економскиот живот и социјалната структура на населението. Дополнително влијание врз зголемувањето на сиромаштијата имаа и непостоењето или бавниот економски развој на земјата, што пак, придонесе за зголемување на невработеноста која од друга страна, е една од фундаменталните причини за сиромаштија.

Конкретно, она што Македонија го „наследи" од поранешната Југославија беше апсолутно неповолно за самата држава: негативна стапка на движење на БДП, стапка на невработеност од 26% како и годишна стапка на инфлација од 600%! (Извештај на РМ за МРЦ , 2005:15). Затоа, многумина аналитичари се согласни во ставот дека Македонија, за разлика од на при-

мер, Словенија, немаше којзнае колку изгледни прилики за успешно спроведување на транзицијата, што набрзо и се покажа преку катастрофалниот процес на приватизација, со кој многу фирми исчезнаа а со тоа многу работници останаа без работа, што автоматски значи двојно зголемување на процентот на невработеност.

Сепак, Македонија направи одредени реформи кои можеби немаа којзнае колкав ефект врз самиот развој на државата, меѓутоа, било од огромно значење тие да се спроведат. Дел од тие реформи се: промени во важните сегменти во макроекономската политика (посебно во фискалната и монетарната политика); потоа либерализација на цените и на надворешно-трговската размена со странските земји и др. Сите овие реформи во голема мера беа поддржани и финансирани од многу меѓународни институции на чело со ММФ, потоа Светската Банка, институциите на ЕУ и ОН и др.

Како последици од транзискиот процес,најчесто, се спомнуваат ниските односно стагнирачки стапки на раст на БДП, како и енормно високата стапка на невработеност, кои пак, од друга страна, се директни причини за зголемување на стапката на сиромаштија.

Меѓутоа, како и сите други земји членки на ОН, така и Македонија, максимално се залага за остварување на сите МРЦ, а посебно внимание се посветува на првата МРЦ искоренувањето на проблемот на сиромаштија и глад.

За таа цел, еден од поважните исчекори е објавувањето на *Програмата за справување со проблемите на социјално исклучени лица* во 2004 година, како и *Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост од 2010 година*, кадешто како главна стратешка цел фигурира: ***Намалувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија преку подобро користење на расположливите човечки и материјални ресурси, подобрување на условите за живот, за работа и на општествените улови на сите граѓани, системско и институционално содејство во функција на побрз развој, повисок ста-***

***ндард и поквалитетно живеење.*** Како специфични стратешки цели, пак се предложени следниве:

- Согледување на состојбите во областите каде што се забележуваат појави на социјална исклученост и кај разни категории на социјално ранливи, сиромашни и исклучени лица и групи;
- Подобрување на условите и можностите за вработување и намалување на невработеноста, подобрување на стандардот на живеење и јакнење на социјалната кохезија и одржливиот демографски развој;
- Намалување на неформалната економија и јакнење на претприемништвото и условите за бизнис на национално и локално ниво;
- Намалување на сиромаштијата и социјалната обесправеност преку оформување на нов социјален модел и концепт насочен кон поединецот и неговите потреби;
- Да се обезбеди универзален пристап на квалитетни услуги за долготрајна нега на социјално ранливите и исклучени групи преку развивање на одржлив систем на финансирање согласно стандардите и практиките на Европската унија;
- Анализа на можни правци на социјални промени во одредени области;
- Институционално согледување на можностите за социјална вклученост;
- Зголемување на стапката на вработеност, како концепт кој озвозможува создавање на подобри услови за ефективно ангажирање на граѓаните;
- Согледување на барањата и потребите на сиромашните и социјално исклучените лица и групи и барање соодветни механизми за нивно социјално вклучување. (Влада на РМ, 2010).

Во оваа стратегија, се опфатени и следниве области:

1. Вработување
2. Неформална економија и јакнење на претприемништвото
3. Пазар на трудот
4. Сиромаштија и социјална обесправеност
5. Здравствена заштита
6. Долготрајна нега
7. Образование
8. Социјална заштита
9. Транспорт
10. Комуникации
11. Домување
12. Детска заштита
13. Еднакви можности помеѓу мажите и жените
14. Сензибилизација на јавноста за социјалната инклузија

Од аспект на преполовувањето на сиромаштијата пак, во Македонија овој процес е прилично бавен. Имено, од 1997-2005 година, трендот на сиромаштија покажува континуиран пораст, наместо намалување. Конкретно, во 1997 процентот на сиромашни лица изнесувал 19%, додека во 2007 достигнал дури до 30%. Иако, треба да се истакне дека со текот на времето, се менувала методологијата со која се добивале овие резултати (се зголемил бројот на испитани домаќинства, водење на дневници и сл).

Во последниот Извештај на РМ во врска со Милениумските цели, во врска со намалувањето на сиромаштијата на 9,5% до 2015 година, донесен е основен заклучок дека оваа проекција е практично неостварлива за случајот на Република Македонија. Како објаснување се посочува фактот дека доколку како репер се земе намалувањето на стапката на сиромаштија во последните две години, тогаш, според објективни анализи, може да се заклучи дека процентот од 29,4 би се намалил на 27% во 2015. Меѓутоа, во Извештајот исто така е посочено дека доколку се примени стандардот за мерење на сиромаштијата во ЕУ (60 % од медијалните еквивалентни приходи) тогаш стапката на сиромаштија во РМ до 2015 значајно би се намалила, но сеуште не би го достигнала оној проектиран процент од 9,5%. (Извештај на РМ за Милениумските цели, 2009:22-25).

## 4.3 Социјалните и економските аспекти на сиромаштијата во РМ за време на процесот на транзиција

Состојбата на сиромаштија несомнено предизвикува низа негативни последици и има свои негативни димензии кои директно се отсликуваат врз животот во едно општество.

Во Република Македонија, процесот на транзиција, поттикнат од глобалните процеси и феномени (демократизација, слободна економска активност, почитување на човековите права и др.), во голема мера имаше улога и влијание врз зголемување на стапката на сиромаштија. Состојбата на сиромаштија во РМ, има свои социјални и економски аспекти, кои во наредниот дел ќе бидат детално изнесени и објаснети. Истите овие социјални и економски аспекти, може да се генерализираат во неколку групи, како што е **демографскиот аспект**, каде што станува збор, меѓу другото и за масовната имиграција на население (претежно млади лица), потоа влијанието на сиромаштијата врз други демографски аспекти како што е порастот, структурата и дистрибуцијата на популацијата. Потоа следува **животниот стандарди квалитетот на живот**како други позначајни социо–економскиаспекти на сиромаштијата во РМ, па **образованието**, **домувањето** и на крајот доаѓа **невработеноста** како еден од најзначајните социо – економски аспекти на сиромаштијата во РМ, и како таков, на овој аспект е посветен посебен дел од овој труд.

### 4.3.1 Демографскиот аспект на македонското општество

Сиромаштијата во РМ, а воопшто и во светот, во голема мера придонесува за зголемување на стапката на морбидитет, морталитет (**Морбидитет** претставува апсолутен или релативен број на заболени лица во одредена група за одреден временски период. **Морталитетот** подразбира број на смртни случаи во некоја популација или во однос на вкупното населе-

ние во одреден временски период и притоа, овој феномен е негативен чинител на растот на популацијата. влијае исто така и врз нерамномерната дистрибуција на населението, неодржливо користење на природните ресурси, а во краен случај, има влијание и врз извесна еколошка деградација (Јакимовски, 2011:12) (Табела 8).

**Табела 8: Динамика на некои демографски белези во склоп на социо – економските показатели**

| **Година** | Живородени на 1000 | Починати на 1000 | Природен прираст на 1000 | Склучени бракови | Разведени бракови | Индекси на реална нето плата | Индекс на трошоци на живот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1990 | 16,6 | 6,9 | 9,7 | 15 842 | 749 | 100,0 | 100,0 |
| 1991 | 17,1 | 7,3 | 9,8 | 15 688 | 496 | 87,5 | 210,8 |
| 1992 | 16,2 | 7,8 | 8,4 | 15 311 | 578 | 58,4 | 3396,8 |
| 1993 | 15,7 | 7,6 | 8,1 | 15 354 | 636 | 75,3 | 15 692,4 |
| 1994 | 17,2 | 8,1 | 9,1 | 15 736 | 612 | 67,6 | 35 825,7 |
| 1995 | 16,3 | 8,3 | 8,0 | 15 823 | 710 | 64,7 | 41 450,7 |
| 1996 | 15,8 | 8,1 | 7,7 | 14 089 | 705 | 65,0 | 42 403,7 |
| 1997 | 14,8 | 8,3 | 6,5 | 14 072 | 1021 | 65,1 | 43 506,2 |
| 1998 | 14,6 | 8,4 | 6,2 | 13 993 | 1027 | 67,3 | 43 462,7 |

Извор: Статистички годишник на РМ, 1995, 1997, 1998, 1999 година.

Треба во овој контекст да се спомне дека поради сиромаштијата, дел од населението (претежно млади лица) се одлучуваат да емигрираат во некои од западните земји (Канада, Италија, Австралија и др). Се вели претежно младите бидејќи овој демографски феномен е тесно поврзан со невработеноста на младите, која во РМ е на релативно високо ниво (подетално види табела 10). Меѓутоа, овој феномен е прилично опасен за една земја

како што е Република Македонија, и токму затоа, е еден од посериозните проблеми кои бараат владина поддршка и интервенција.

### 4.3.2 Квалитет на живот во РМ

Квалитетот на живот претставува еден крајно комплексен поим, бидејќи да се одреди „квалитетот" на некој предмет, процес или феномен не е ни најмалку едноставно, посебно кога треба да се дефинира квалитет на животот на еден поединец или група. Затоа, во обидите да се дефинира овој поим, свој придонес дале социолозите, психолозите, антрополозите и др. Притоа, во литературата, два методолошки пристапи се одделуваат од останатите. **Субјективниот пристап**, кој предвид ги зема филозофско-психолошките карактеристики на овој поим, и кој се засновува врз човековите чувства и мислења околу сопствениот живот и неговиот квалитет. Во овој пристап, квалитетот на живот се поврзува со нивото на задоволство или незадоволство од животот.

Наспроти субјективниот пристап, **објективниот концепт** тргнува од општествениот карактер на квалитетот на живот. Па така, овој поим се дефинира како ниво на задоволени потреби што е предуслов за состојбата на општа среќа. Задоволувањето на потребите, индиректно се мери преку контрола на нивото на потрошувачката за добра и услуги за кои се смета дека можат да задоволат одредена потреба (Miltojevic, 2006:428-429).

Во практика, најчесто, терминот квалитет на живот се однесува на благосостојбата на луѓето и притоа, опфаќа повеќе компоненти, од кои некои се мерливи (како на пример животниот стандард), а некои не се. Колку за илустрација, животниот стандард, како мерлива величина, претставува една компонента на квалитетот на живот, и во таа насока, овој феномен може да се измери со неколку индикатори и инструменти. Меѓутоа, во поимот квалитет на живот, се инкорпорирани и аспекти кои неможат да се измерат, токму поради нивната апстрактност. Такви се на пример состо-

јбите на среќа, слободата во изборот, уметноста, сигурноста и др. Сепак, најголемиот дел од поимот квалитет на живот се однесува на животниот стандард на луѓето (Ефтимоски, 2008:103).

Животниот стандард го претставува квантитетот и квалитетот на добра и услуги кои им се достапни на луѓето, како и начинот на кој тие добра се распределени. Несомнено, стандардот на живот ја претставува онаа материјална страна на квалитетот на живот. Методолошките елементи со кои се мери животниот стандард се: **реалниот доход** (БДП) **per capita** (кој служи за мерење на просечниот животен стандард на луѓето и апроксимативно ја илустрира пазарната вредност на финалните добра и услуги што секој поединец би можел да ги купи во текот на една година, под претпоставка дека секој поединец добива поеднаков дел од БДП), потоа мерилата на доходовната сиромаштија и др (Исто, 102).

Пред да преминеме на актуелната состојба на сиромаштијата и квалитетот на живот во РМ, полезно би било да истакнеме неколку аспекти кои се однесуваат на мерењето на квалитетот на живот. Имено, постојат повеќе елементи со кои се мери квалитетот на живот, а меѓу позначајните се:**индекс на квалитет на живот** (кој се засновува врз методологијата која ги поврзува резултатите од анкетите за субјективното задоволство од животот и оние објективни фактори на квалитетот на живот - Табела 9), потоа следи **индексот на човеков развој** (**H**uman **D**evelopment **I**ndex), со кој се мерат просечните достигнувања на полето на човековите способности, и кој всушност, е стандардно компаративно мерило на квалитетот на живот на луѓето меѓу различни земји. Кога станува збор за овој индекс (HDI), тогаш неопходно е накратко да го објасниме поимот човеков развој. Имено, овој термин е од поновата историја на економската наука, и е дефиниран како процес на зголемување на човечкиот избор (од аспект на можностите човекот да води долг и здрав живот и да има пристоен животен стандард).

Понатаму, индексот на човеков развој се состои од три компоненти: **должина на живот** (мерена преку очекуваната должина на животот на чове-

кот при неговото раѓање), **достигнат степен на образование**(мерен преку комбинација на писменост на возрасната популација, и комбинирана стапка на прво, второ и трето ниво на школување) и **животен стандард** (мерен преку реалниот БДП per capita (пресметан според методологијата на паритет на куповна моќ, која пак се засновува врз т.н. закон на една цена, според кој, еден ист производ неможе да се продава по различна цена во различни земји).

Тесно поврзани со овој индекс, од поново време се и Индексот за човеков развој кај жените (**G**ender-related **D**evelopment **I**ndex), потоа индекс на човекова сиромаштија (**H**uman **P**overty **I**ndex), кој се пресметува врз основа на личните примања (приходи) и потрошувачката, потоа врз основа на лишеноста од приод во образованието и сл.

Рангирањето на земјите според HDI, се врши врз основа на достигнатото ниво на човеков развој. Па така, постојат три типови земји:

-Земји со висок човеков развој, каде HDI е поголем од 0,800;

-Земји со среден човеков развој, кадешто HDI се движи од 0,500-0,800;

-Земји со низок човеков развој, кадешто индексот на човеков развој (HDI) е помал од 0,500 (Miltojevic, 2006:435).

Што се однесува до состојбата во Република Македонија, посебно за време на транзициониот процес, според Ефтимоски, индексот на човеков развој ја следи динамиката на раст на БДП per capita што индицира директна зависност на нивото на квалитет на живот на македонското население од растот на реалниот доход (реалниот БДП per capita). Тоа практично значи дека на примерот на нашата земја не се потврдува претходно споменатата хипотеза дека не постои автоматска поврзаност меѓу растот на реалниот БДП и растот на нивото на човеков развој.

Незначителните диспаритети меѓу овие две компоненти (растот на реалниот БДП и растот на нивото на човеков развој), се резултат на умере-

ната нееднаквост во дистрибуцијата на доходот, т.е. успешноста и начинот на кој остварениот доход се претвора во човеков развој.

Како и да е, останува непобитен фактот дека индексот на човеков развој во РМ отстапува од просечниот индекс на човеков развој во развиените земји -0.936 (во РМ во 2005 тој изнесувал 0.801), како и фактот дека во РМ, квалитетот на живот е строго детерминиран од БДП per capita.(Ефтимоски,2008:115).

За ваквата ситуација во Македонија, постојат повеќе објаснувања, односно поголема група на причини, од кои како поважни се истакнуваат:

- **Неповолните економски текови и процесот на централизација** со кој Македонија се препознава од 1991 година. Имено, неповолните економски текови драстично ги намалуваат можностите на стопанството и на граѓаните преку јавните давачки да партиципираат во имплементацијата и развојот на инфраструктурните и други капацитети, а како што е познато, македонската економија во еден момент доживеа драматичен пад од аспект на производството, а со тоа и пад на националниот доход, односно БДП.
- **Зголемената стапка на сиромаштија** негативно се одразува врз квалитетот на живот, односно врз индексот на квалитет на живот, како основна методолошка алатка со која се мери квалитетот на живот, што пак, имплицира на силната поврзаност која постои меѓу зголемувањето на стапката на сиромаштија и намалувањето на индексот на квалитет на живот.

Тврдењето дека квалитетот на живот е во директна врска со стапката на сиромаштијата, која драстично се зголемува за време на транзициониот период во РМ (најдобар показател за зголемувањето на стапката на сиромаштија е оној прикажан во Графикон 1), најдобро е илустрирано со состојбатаво руралните средни ширум земјава, поточно ридско–планинските предели. Имено, доколку жителите на едно такво место немаат обезбеден јавен пре-воз, немаат соодветна инфраструктура и патишта кои би ги

поврзувале со делот каде што можат да користат јавни услуги во сферата на здравство, образование и сл. тогаш тие се принудени или да се откажат од користењето на тие услуги (со што значајно би го намалиле квалитетот на живот) или да даваат далеку поголеми средства (парични) за да добијат пристап до тие услуги. И во двете ситуации, одредени слоеви кои се формално над релати-вната сиромаштија, поради зголемените трошоци за живот, во основа, се изедначуваат со оние кои се под релативната линија на сиромаштија (Тодо-ровски, 2003:35).

**Графикон 1**: Стапка на сиромаштија во РМ (1999-2010).




**Извор**: Државен завод за статистика на РМ, 2011.

**Табела 9.:** Фактори на квалитет на живот опфатени во индексот на квалитет на живот.

| **Фактори на квалитет на Живот** | **Индикатори што ги претставуваат факторите** |
|---|---|
| 1. Материјална благосостојба | БДП per capita |
| 2. Здравје | Очекувано траење на животот |
| 3. Политичка стабилност и безбедност | Политичка стабилност и безбедносен рејтинг |
| 4. Живот во семејство (семејни односи) | Стапка на разводи(на 1000 жители), конвертирано во индекс што се движи од 1(за најниски стапки) до 5 (за највисоки стапки) |
| 5. Живот во заедница | Дами (dummy) променлива која поприма вредност 1 доколку земјата има или висока стапка на посетување на верски објекти или висока стапка на членство во синдикати. Во обратни случаи, дами променливата поприма вредност 0. |
| 6. Клима | Географска ширина |
| 7. Сигурност на работното место | Стапка н невработеност во % |
| 8. Политичка слобода | Просек од индексите на политичките и граѓанските слободи. Распонот се движи од 1(целосна слобода) до 7 (не постоење на слобода) |
| 9. Родова еднаквост | Коефициент на просечните заработуваќки на мажите и жените |

Извор: McConnel & Brue,2005.

### 4.3.3 Образование

Образованието како процес, е еден од позначајните во поновата историја на човештвото, а посебно место зазема во денешните модерни општества, кадешто има улога на еден од агенсите на процесот на социјализација.

Денес, да се има висок степен на образование, потенцијално значи и поквалитетен живот, подобар животен стандард. Всушност, поединците со висок степен на образование имаат поголеми шанси за вработување, тие се економски попродуктивни, и затоа примаат и високи приходи.

Меѓутоа, кога станува збор за односот меѓу образованието и сиромаштијата, тогаш, се истакнува дека тој однос има две димензии: првата се однесува на фактот дека сиромашните поединци или групи често, не се во можност да обезбедат пристап до соодтветно образование. Вториот аспект подразбира дека поединците без соодтветен степен на образование, се подложни на ризик да се најдат во состојба на сиромаштија (van der Berg, 2008: 5).

Постојат ситуации, особено во земјите во развој, кога ниту примарното образование не им е овозможено на населението. Токму затоа, се прават напори, секаде во светот, примарното, па и секундарното образование да биде задолжително, што пак, претставува еден од механизмите за намалување на сиромаштијата (еден таков проект е и МРЦ, посебно втората милениумска цел, подетално стр. 76).Меѓутоа, се забележуваат и ситуации на забрзано и масовно форсирање на процесот на образование, од што како последица произлегува драстично намалување на квалитетот на образовниот процес, што покрај другото, има сосема мал или никаков ефект врз намалувањето ан сиромаштијата.

Во Република Македонија, според аналитичарите, постои една незавидна ситуација кога станува збор за образованието како важен аспект на општествениот развој. Имено, се истакнуваат податоците дека вкупната стапка на запишување на сите три степени на образование во руралните среди-

ни во РМ изнесува 62,36%, додека во урбаните средини, тој број изнесува 78,52%. Ова несомнено претставуваат диспаритети, кои треба да се намалат за што пократок временски период (Ефтимоски, 2004:15).

Понатаму, РМ заостанува зад останатите источно европски земји и од аспект на вклученоста на младите во средното образование. Имено, и покрај позитивниот тренд на зголемен број на ученици со средно образование, сепак, ниските стапки на запишани ученици во средно образование генерално, укажуваат на постоење на одредени нееднаквости меѓу етничките групи, половите, руралните и урбани средини и сл.

Еден показател дека државата не води исправна политика кога станува збор за образованието, е фактот дека од државните трошоци, за образованието се издвојуваат во просек околу 4% од БДП, а овој мал процент, аналитичарите го интерпретираат како резултат од високиот степен на централизација во образовниот сегмент (Исто, 17).

Можеби една од ретките позитивни придонесе на државата во последно време, е донесувањето на законот со кој и средното образование, покрај основното, станува задолжително. Меѓутоа, факт е дека сегашната влада и идните влади, треба сериозно да ги земат предвид меѓународните препораки со кои се укажува на важната улога која ја има образованието во борбата за намалување на сиромаштијата, и колку образованието има позитивен придонес за целокупниот општествен развој на една земја.

### 4.3.4 Здравствена состојба и заштита

Одржување на оптимална здравствена состојба е тенденција на секој поединец. Меѓутоа, под влијание на разни општествени околности, здравствената состојба станува еден од помасовните проблеми на целокупната светска популација.

Исто како и образованието, и здравствената состојба, а со тоа и здравствената заштита се директно поврзани со состојбата на сиромаштија. Ова

оттаму што, по сите стандарди, сиромашните лица се поподложни на влошување на здравствената состојба од останатиот дел од населението. Со други зборови, сиромашните се „помалку здрави" од останатите. Во прилог на оваа констатација е податокот според кој, стапката на смртност кај сиромашните деца е далеку поголема од онаа кај децата кои живеат во семејства кои не се сиромашни. Или друг податок, кој укажува дека кај сиромашните жени, постои поголема веројатност да починат при пораѓање (Kornblum & Julian, 2007:206).

Понатаму, од сите општествени групи во една земја, сиромашните се оние кои немаат здравствена заштита, односно осигурување. Ова не треба да се сфати како состојба која е карактеристична само за сиромашните, меѓутоа само сиромашните на некој начин, се онеспособени да ги идентификуваат симптомите на одредена болест од која може да заболат, и затоа, бараат лекарска интервенција тогаш кога болеста земала сериозни размери (Исто, 208).

Што се однесува на ситуацијата во Република Македонија, транзицијата несомнено влијаеше врз зголемување на стапката на сиромаштија. Се истакнува дека социјалната средина е еден од позначајните фактори за здравствената состојба на населението, а таа кај сиромашните е во голема мера нарушена (Доневска, Димитриевска и Новковска, 2011:127).

Меѓутоа, и покрај тоа што во РМ стапката на сиромаштија е релативно висока, сепак, здравствените индикатори за МРЦ не укажуваат на влошување на состојбата од аспект на смртноста на доенчињата или смртноста на родилките. Проблематична е ситуацијата со заразните болести, и токму затоа, се прават напори таа состојба да се подобри. Па така, се спроведуваат низа посебни превентивни програми со кои се бележат позитивни резултати (Исто, 131).

### 4.3.5 Домување

Правото на дом спаѓа во универзалните човекови права, и оттука, проблемот со домување на сиромашните лица претставува значајно прашање, не само во земјите во развој, овој проблем е присутен и во високо развиените земји.

Најголемиот дел од сиромашните поединци и семејства живеат во живеалишта кои најчесто се пренаселени, со голем број на членови. Всушност, местата кадешто живеат сиромашните, често пати се импровизација на живеалишта, кои патем, се исполнети со бактерии, лежишта се на разни заразни болести и сл. Ова важи за скоро сите сиромашни семејства ширум светот.

Кога станува збор за состојбата на домување во РМ, аналитичарите, проблемот со домување го лоцираат во миграцијата село – град, конкретно од внатрешноста на РМ, во главниот град Скопје. Оваа миграција беше условена од наглото зголемување на стапката на невработеност, разните турбулентни периоди низ кои минува земјата за време на транзициониот период и сл. За ваквата ситуација, како главен виновник се посочува погрешната и слаба социјална димензија и улога на државата.

Во последните неколку години, сепак, владата има направено неколку чекори со кои покажува сериозна подготвеност за решавање на проблемот со домувањето. Имено, како една од мерките за социјална заштита е и онаа со која државата им дава право на домување за лица кои до 18-та година од својот живот, имале статус на деца без родители и биле згрижени во дом за деца без родители. Всушност, со оваа законска мерка, државата обезбедува надоместок за домување и комунални трошоци за живеење, како и право на одреден паричен надоместок на овие деца се до нивната 26-та година (Доневска, Димитриевска и Новковска, 2011:135).

## 4.4 Невработеноста како една од главните социјално – економскиаспекти на македонското општество во транзиција

Невработеноста е појава која е карактеристична за секое современо општество, меѓутоа, стапката на невработеност варира во зависност од степенот на развој на едно конкретно општество. Затоа, кога станува збор за македонското општество, најпрво, мора да го истакнеме податокот дека во Република Македонија, и додека била во составот на поранешна Југославија, а и во денешни услови, стапката на невработеност била исклучително висока.

Имено, пред деведесетите години на 20-от век, стапката на невработеност во РМ се движела околу 17%, додека за време на транзициониот период, таа нагло се зголеми (речиси двојно) за да денес варира околу 30%. (Ристески, 2008:302). (Види табела 9).

Токму затоа, според сите (иако тие реално се малубројни) спроведени истражувања, најзагрижувачки проблем на македонското општество, покрај сиромаштијата е и проблемот на невработеноста.Затоа сметам дека би било од повеќе аспекти некоректно доколку овој проблем не добие место во ова истражување.

Исто така, невработеноста е во голема мера поврзана со сиромаштијата, што може да се забележи и од согледувањата на Заводот за статистика на РМ, кадешто јасно е истакнато дека постои значајна поврзаност меѓу положбата на поединецот на пазарот на трудот и сиромаштијата. (Национален извештај, 1999:65).

**Табела 10:** Број на вработени и невработени лица во РМ (во илјади)

| **Година** | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вработени** | 542 | 506 | 531 | 538 | 543 | 583 | 549 | 545 | 523 |
| **Невработени** | 257 | 287 | 284 | 261 | 261 | 263 | 263 | 316 | 309 |

**Извор**: Државен завод за статистика, 2005.

Состојбата на невработеност, барем во денешни услови, е претходник на состојбата на сиромаштија. Тоа, со други зборови, значи дека невработеноста е причина за сиромаштија. Притоа, мора да се истакне дека феноменот на невработеност не е единствената причина за сиромаштија, туку е само една од позначајните.

Всушност, може да се каже дека помеѓу невработеноста и сиромаштијата постои правопропорционална корелација, односно, високата стапка на невработеност, во никој случај неможе да значи ниска стапка на сиромаштија, но немора да значи и висока стапка, бидејќи освен невработеноста, врз зголемувањето на сиромаштијата, влијаат и други социо - економски фактори како степенот на нееднаквост во распределбата на доходите, степенот на образование на населението, економскиот и технолошкиот развој на општеството, потоа одредени демографски аспекти и фактори како што е густина на население, природниот прираст на населението, неговата механичка и природна траекторија и др.

Одредени економски аналитичари сметаат дека перзистентно високата стапка на невработеност, повеќе отколку нискиот доход, е клучниот фактор на сиромаштијата во Република Македонија.( Петрески, 2005:335).

Како и да е, досега, во науката не се случило некој истражувач да ја негира поврзаноста на невработеноста со сиромаштијата, токму затоа што овие два феномена се нераскинливо поврзани.

Во воведот во оваа проблематика уште да истакнеме дека дека не сите невработени се сиромашни, просто од причина што бројот на сиромашни скоро секогаш ќе биде поголем од бројот на невработени, бидејќи во сиромашни спаѓаат и поединци кои не се работоспособни (што всушност е дефинициска компонента на невработеноста) како на пример, децата, старите луѓе и др.

Понатаму, кога станува збор за определувањето и дефинирањето на поимот невработеноста, треба да се спомне дека постои една широка група

на дефиниции за невработеноста, меѓутоа, ние ќе ги истакнеме, најважните од социолошка перспектива.

Невработеноста е присутна во општествата многу одамна, меѓутоа, своја актуелизација добива во 20 и особено во 21-от век, кога стапката на невработеност скоро во целиот свет била доста висока.

Една од позначајните и најчесто употребувана дефиниција е следнава: „Невработеноста претставува состојба на неможност да се продаде сопствената работна сила на пазарот на трудот наспроти подготвеноста да се направи тоа" (Маршал, 2005:317).

Според други автори, невработеноста претставува „состојба или појава во која дел од работоспособните граѓани неможат да се вработат врз основа на своите способности и квалификации, за одредена плата, наемнина или било каква друга заработка. (Cavrak, 1998:186).

Понатаму, многу социолози, како на пример Рајт Милс, се обидувале да ја прикажат невработеноста како графичка илустрација на дистинкцијата помеѓу приватните неволји и јавните прашања кои тој ги сметал за основни во социологијата. (Маршал, 2005:317). Со ова Милс сака всушност да покаже дека невработеноста не е „заслуга" на поединците поради нивното отсуство на мотивација и надареност, туку таа е повеќе последица на општествениот тек, односно тоа е јавно прашање предизвикано со недостатоците на пазарните процеси.

Во определувањето на поимот на невработеност, голема улога игра и демографскиот аспект. Имено, по правило, невработеноста ги опфаќа луѓето кои се постари од 16 години и спаѓаат во категоријата на работоспособни поединци. Во таа насока, населението, се дели на активно и пасивно.

Притоа, активното население уште се нарекува и работна сила, која се дели на вработени и невработени. Круцијално во овој контекст е да се истакне дека како невработени може да се водат само оние поединци кои бараат работа. Оние кои не работат и не бараат работа, не спаѓаат во категоријата на работна сила, а со тоа неможе да се сметаат како не/вработени.

Пред да преминеме кон актуелната состојба на невработеноста во РМ, од теоретскиот дел, да ги изнесеме поважните видови, односно форми на невработеност, како и начините (индикаторите) со кои таа се мери.

### 4.4.1 Видови невработеност

Невработеноста не претставува едновидна појава. Имено, таа има разни облици и разни фактори влијаат врз нејзината форма како што се на пример, нејзина застапеност, возрасната граница на невработените и сл.

Неформално, се прави дистинкција помеѓу **доброволна невработеност** (кога поединецот самоиницијативно донесува одлука за отказ од работното место) и **недоброволна** (кога невработеноста е предизвикана од разни социо - економски причини поради кои поединците ги губат своите работни места и тоа против своја волја).

Официјалната статистика, разликува два основни типа на невработеност, засновани врз критериумот на отвореност/затвореност: ***отворена*** која нагло се зголемува за време на кризи, рецесија, периоди на големи технолошки примени, природни катастрофи, војни и сл и која се дели на пет типа:

- **Фрикциска** или **нормална** невработеност – според проучувачите, е сосема нормална појава и се однесува на природната стапка на невработеност, која пак се јавува поради три причини:
  - ✓ Заради временскиот период од губењето на работата па се до наоѓањето нова;
  - ✓ Заради временскиот период потребен за да се повика работникот;
  - ✓ Заради миграциите и промената на местото на живеење;
- **Цикличната** невработеност е прилично сериозен облик на невработеност кој се појавува во услови на рецесија, односно ко-

га доаѓа до намалување на производството и потрошувачката, што пак резултира со масовно отпуштање на работниците;

- **Структурната** невработеност е предизвикана од одредени секторски движења во економијата. Овој вид на невработеност, мора да се истакне, предизвикува сиромаштија на долг рок. Кон крајот на 20-от век се случуваат големи структурни промени; вработувањето во индустријата се намалува а за вработување во другите сектори неопходни се нови квалификации и вештини кои актуелната индустриска работна сила тогаш не ги поседувала.

  Затоа се смета дека структурната невработеност произлегува од неусогласениот однос меѓу понудата и побарувачката на работна сила. Оваа неусогласеност може да постои во однос на:

  - ✓ Постојните и бараните способности и квалификации; и
  - ✓ Просторната усогласеност меѓу понудата и побарувачката на работна сила, посебно во услови на нејзина ниска мобилност.

- **Сезонска** невработеност е облик на невработеност кој е својствен само за одредени периоди во годината. Имено, во одредени сектори или индустрии, во одреден дел од годината, има зголемена побарувачка на работна сила, и во тие периоди стапката на вработеност нагло се зголемува. Откако ваквите периоди авршуваат, настапува сезонската невработеност, која по правило, трае подолго од сезонската вработеност.
- **Технолошката** невработеност е предизвикана од воспоставувањето на процесот на автоматизација, во кој многуте работници биле заменети од автоматизирани машини кои за многу краток временски период извршувале голем број задачи во

производствениот процес. Па така, неквалификуваните и полуквалификуваните работници масовно се отпуштаат, и притоа многу тешко наоѓаат работа понатаму.

Вториот тип на невработеност, **прикриената** или **латентната** невработеност, произлегува од недоволното искористување на работната сила, што практично значи облик на невработеност внатре во постоечката вработеност. (Ѓуровска, 2006: 211-212; и Национален извештај, 1999:65-67).

### 4.4.2 Мерење на невработеноста

Како и секоја друга општествена појава, така и невработеноста, за да може подобро да се согледаат нејзините ефекти и последици, неопходно е истата да се измери односно да се види кој е невработен, колкава е стапката на невработеност на локално или национално нив и сл.

- **Стапка на невработеност** претставува односн помеѓу бројот на невработени и вкупно расположливите ресурси на работната сила, изразена во проценти;
- **Индекс на тежина на невработеноста** подразбира број на денови кои просечно секој работник бил невработен во текот на годината, кога просечната невработеност за една година, мерена како производ од просечната годишна стапка на невработеност и просечното траење на невработеноста во денови, ќе биде распоредена на сите поединци кои учествуваат во работната сила;
- **Периева пондерирана стапка на невработеност** е наменета за меѓувременско споредување на подолг временски период. Тука имено, на невработените лица и учесниците во работната сила им се доделуваат пондери кои ја одржуваат разликата во просечното понудено време за работа и разликите во продуктивноста меѓу тие групи;

- **Невработеноста и Онуковиот закон** кадешто е истакнат односот меѓу стапката на невработеност и стапката на остварување на Бруто домашниот производ (БДП). Имено, зголемувањето на невработеноста е следена од дополнителни загуби во БДП поради тоа што паралелно се намалуваат и бројот на остварени работни часови, продуктивноста и вработеноста, а се намалува и стапката на активност. Овој закон покажува дека загубата на производите поврзани со невработеноста е далеку поголема отколку што покажува самата стапка на невработеност (Cavrak, 1998:212).

### 4.4.3 Актуелната состојба на невработеност во Република Македонија

Што се однесува до состојбата на невработеноста во Република Македонија, постојат неколку проекти кои ја анализираат и истражуваат поврзаноста на невработеноста со сиромаштијата и социјалната, односно економската несигурност. Со помош на овие проекти, потврдено е дека економската несигурност (дефинирана како состојба во која на поединецот му е оневозможен пристапот до пазарот на добра и услуги) се карактеризира со висока стапка, што воопшто не оди во прилог на развојот на македонското општество.

Понатаму, треба да се истакне дека иако со различен степен и интензитет, сепак, во РМ се присутни скоро сите претходно наведени типови на невработеност. Факт е дека невработеноста во РМ, генерално, е од структурен карактер (тоа го покажуваат сите, без исклучок, релевантни истражувања и соодветни експерти), окарактеризирана со висока стапка на долгорочна невработеност и ниско образовно ниво на невработените.

Постојат економски стручњаци кои укажуваат на тоа дека покрај структурните диспаритети, понудата на труд е значајно поголема од побарува-

чката на труд. Во стандардните аналитички модели, невработеноста е задоцнет индикатор на економскиот циклус во фазата на опаѓање на реалниот раст на БДП. (Петрески, 2007:77).

Конкретно, во македонскиот случај, пазарот на труд е сегментиран и е во длабока дисторзија. Структурната нерамнотежа го прави пазарот неефикасен, а во исто време, влијанието на политиките е ограничено. Со други зборови, ниското ниво, структурните нееднаквости и ниските стапки на економски раст во последниве две децении се главна причина за високата стапка на невработеност во РМ. (Петрески, 2007:79).

Други економистисметаат дека основна причина за континуирано високата стапка на невработеност се крие во неверојатно ниската економска активност на Република Македонија (многу производствени капацитети се целосно или делумно затворениво процесот на транзиција, при што нивните вработени остануваат без работа).

Како втора причина, тие ја посочуваат состојбата на дисбаланс на пазарот на работна сила. Оваа неурамнотеженост е резултат на состојбата со вработените уште во рамките на поранешна Југославија, кадешто понудата на работна сила се одржувала вештачки, што пак, довело до преголема вработеност. Со почетокот на транзициониот период, доаѓа до масовни отпуштања се со цел да се зголеми продуктивноста на претпријатијата. (Ристески, 2008:297-299).

Меѓутоа, постојат и истражувања на одредени меѓународни институции, како она на Светската банка (2007), каде што е констатирано дека невработеноста во РМ е **преценета**.(Ристески, 2008:300). Ова значи дека стапката на невработеност измерена од страна на Државниот завод за статистика на РМ не ја отсликува реалната состојба, поради фактот што, според извештајот на Светска банка, значаен дел од работната сила во РМ работи во т.н. сива економија, а истата оваа популација се пријавува во Агенцијата за вработување само поради тоа што оваа институција им обезбедува здравствено осигурување, односно заштита.

Изразено во бројки, ова би значело дека невработеноста во Македонија, во 2000 година изнесувала 23% наспроти оние 32,3% на Заводот за статистика на РМ.

Овие податоци се засновуваат врз основа на фактот дека во РМ, скоро една третина од работната сила зависи од т.н. **неформална вработеност** (сезонска работа, времена вработеност или работа со делумно работно време). Овој сектор е релативно нестабилен и е од сезонски карактер. Платите, во голема мера зависат од типот на работа, односно во зависност од секторот.

Воопшто не е спорно дека острите контракции во економските активности за време на транзициониот период, како и падот на животниот стандард, кои всушност, се случија како резултат на сопственичкото и економското преструктуирање (процесот на приватизација, Т.Т), го зголемиле нивото на неформална вработеност. Ова пак, е во голема мера поврзано со порастот на сиромаштијата.

Како и да е, статистичките институции се соочуваат со тешкотии кога станува збор за собирање податоци за овој сектор. Тоа оттаму што неформалниот сектор е составен од низа на разновидни активности кои се подложни на варијации, и токму поради тоа е мошне тешко да се соберат релевантни податоци за вработеноста во овој сектор. Работата дополнително ја отежнува и фактот што поголемиот дел од активностите во овој сектор се легални, иако тие не се во согласност со официјалните или административните барања. Всушност, вршителите на ваквите дејности воопшто не се регистрирани и не плаќаат никакви придонеси и давачки кон државата( Петрески, 2007:81-83).

Постојат повеќе потенцијални решенија на овој проблем со невработеност, изнесени од разни проучувачи во економијата, социологијата, политиката и сл.

Суштината на решението на овој проблем, за повеќето економски аналитичари е во економскиот раст и развој на самото македонско општество. Ова оттаму што невработеноста во РМ, како што веќе укажавме, е од

структурен карактер, и токму затоа таа неможе а и не треба да се решава само со административни реформи и краткорочни мерки и активности на одредена влада (како што тоа беше случај до сега, Т.Т).

Затоа, економскиот раст и развој на Македонија би бил овозможен преку превземање низа мерки и залагања како што се: зацврстување на судскиот и правниот систем, потоа ангажман на соодветните институции и поединци за зголемување на инвстициите во земјата (пред се, на СДИ). Како превентивна мерка за подобрување на состојбата со невработеноста, истите овие експерти предложуваат и подобрување на перформансите на надворешно – трговската размена, каде главен акцент е ставен врз тенденцијата за зголемување на извозот. (Ристески, 2008:306).

Подобрување на постоечката инфраструктура како и креирање стратегија за долгорочен развој на енергетскиот сектор се веќе добро познати домени во кои државата мора да интервенира доколку сака остварување на приоритетите (влез во ЕУ и НАТО, подобрување на социо - економската состојба на македонските граѓани).

Други аналитичари пак, посочуваат дека е голема потребата од креирање, меѓутоа и остварување на една ефикасна и комплексна социјална политика, особено политиката на целосна вработеност (намалување на невработеноста и зголемување на вработеноста, Т.Т.), што би продуцирало порамномерно и правично распоредување на товарот кој го носи недостатната економска развиеност. Тоа е значајно бидејќи најчесто, најголемиот дел од тој товар паѓа врз посебни општествени групи како што се младите, лицата со ниско образование, жените и сл. (Чепујноски, 2008:431).

Како и да е, останува фактот дека грешките направени во процесот на приватизација, разните злоупотреби од најразличен вид, пропустите во обидите да се регулира економската состојба довеле до актуелната ситуација, и истите тие грешки и пропусти веќе announcement неможат да бидат корегирани. Меѓутоа, може таквите и слични на нив грешки во иднина да се избегнат и елиминираат со поттикнување на економскиот и социјален развој, со зајакнување на

судските и правните димензии, со надминување на состојбата на партиска поделеност, како и постепено создавање на партиски независна и ефикасна јавна администрација. За сето ова, неопходен е многу простор и многу време меѓутоа, доколку Република Македонија остане доследна на своите претходно поставени цели и приоритети, ништо не е недостижно.

## 5. Заклучни согледувања

Сиромаштијата низ целиот текст во ова истражување е претставена како мултидимензионален проблем, врз чие појавување влијаат поголема низа на општествени фактори, но и како проблем чие постоење предизвикува низа општествени негативни последици од типот на намален животен стандард на луѓето, зголемување на бројот на припадниците на т.н. ранливи групи, намален квалитет на живот (низок индекс на човеков развој) и сл.

Исто така, сиромаштијата, претставена како проблем кој засега голем број на луѓе шурим светот, е анализирана низ призмата на нејзиниот, според одредени автори, најголем катализатор, глобализацијата, конкретно економската глобализација. Меѓутоа, процесот на глобализација неможе да се сведе само на нејзиниот економски аспект, со оглед на тоа дека тој процес ги менува нашите животни околности во секој аспект, и тоа со голем интензитет.

Како што е и спомнато на почетокот на ова истражување, кога станува збор за улогата на глобализацијата, постојат поделени мислења, меѓутоа, се добива впечаток дека поголем глас имаат оние оптимистички ставови за глобализацијата како универзален и светски процес, наспроти оние со песимистички нагласок.

Она што е важно, е тоа дека глобализацијата треба да се прифати како еден вид на предизвик за можностите која таа ги нуди во поглед на економскиот развој, раст и благосостојба, бидејќи токму тој процес ги руши и занемарува сите претходни критериуми на поделба (политички, идеолошки,

национални, верски, етнички и сл) и истите тие ги потчинува на рационалниот и универзален економски критериум.

Од друга страна пак, мошне значајно и коректно би било доколку се признае дека и покрај енормната отвореност и меѓусебната зависност на општествата ширум светот, кои на некој начин ја определуваат глобализацијата, а се овозможени со развојот на информатичките, комуникациските и транспортните технологии, сепак, неможе да се воочи и посочи значајно зголемување на економската, цивилната, правната, институционалната, културната и цивилизациската хомогенизација на светот. Ова можеби оттаму што парадоксот на глобалните нееднаквости, односно разлики е премногу забележителен, што пак, претставува можеби најслабата димензија на глобализацијата.

Покрај поврзаноста на сиромаштијата со глобализацијата, овој проблем беше поврзан и со транзициониот процес во Република Македонија, но и во некои други соседни, исто така, транзициски земји како Хрватска, Словенија, Полска и др.

Транзицијата притоа, барем во првата фаза, не беше дефинирана како *пат кон праведно општество,* туку напротив, транзициониот процес, во најголем дел од случаите, беше претставен како *пат кон ефикасен економски систем*, односно пат кон побогато општество.

Во таа насока, може да се извлече една констатација дека транзиционите земји, откако ќе го завршеа поголемиот дел од тој транзициски процес, преминуваа во општества кадешто христијанскиот алтруизам и социјалистичко – комунистилкиот егалитаризам беа оставени зад себе. Меѓутоа, за да ова ново општество го задржи својот хуман лик, неопходно е постоење на систем од цврсти институционални правила. Либералниот модел е еден таков систем, кој во услови на неограничен и силен правен поредок, води кон економски колапси и кризи, додека истиот тој модел, во услови на силна држава и владеење на правото, обезбедува економски раст и просперитет. (Cveticanin, 2004:99).

Понатаму, во ова истражување беше посочен и процесот на приватизација како еден од многуте аспекти на транзицијата, меѓутоа процес со грандиозни размери и последици. Оваа оттаму што, приватизацијата имаше за цел, државната, односно општествената сопственост, градена и акумулирана со децении, да им ја додели на приватни субјекти (компании, поединци и институции). Од приложените анализи, може да се утврди дека за овој процес, не постојат услови во кои тој може да се спроведе праведно и без било какви последици. Она врз кое може или можело да се влијае е креирање на една состојба во која тој процес би бил прифатлив за мнозинството учесници во економскиот домен. Како и да е, законот за приватизација, барем во РМ, тоа не успеа да го обезбеди, поради што и денес, кога започнува дискусија за било кој економски момент од транзицијата на РМ, секогаш најпрво, вината се бара во неуспешноста на приватизацијата.Токму затоа, правилно би било да истакнеме дека ние и денес живее-ме во сенка на лошата приватизација, и затоа кога и да се бара виновник за лошата економска состојба, најпрво прстот се вперува во приватизацијата.

Откако беше направена една компаративна анализа за успешноста на процесот на приватизација во другите транзициони земји и поврзаноста со зголемувањето на сиромаштијата, се добија заклучоци кои водат кон потврдување на генералната хипотеза на ова истражување дека процесот на приватизација во голема мера го условува зголемувањето на сиромаштијата.

Имено, од добиените податоци се покажа дека во оние земји кадешто приватизацијата предизвикала негативни оценки од меѓународните институции (ММФ, Светска банка), стапката на сиромаштија е зголемена во споредба со стапката својствена за периодот пред започнување на процесот на приватизација. (на скалата, доминира Република Македонија како земја со највисока стапка на сиромаштија, потоа следува Р. Хрватска, па Р. Словенија и на крај доаѓа Р. Полска).

Секако дека ова неможе да значи дека приватизацијата е единствениот фактор во транзиционите земји кој предизвикува зголемување на ста-

пката на сиромаштија, меѓутоа може да се констатира дека е еден од главните фактори кои придонесоа во голема мера да се зголеми бројот на сиромашни луѓе во земјите во транзиција.

Понатаму, детално беа објаснети најзначајните социјални и економски аспекти на состојбата на сиромаштија, конкретно во Република Македонија. Квалитетот на живот и животниот стандард беа посочени како еден од аспектите на кои треба дополнително да се посвети внимание и работа со оглед на тоа дека претставуваат показател за развојот на едно општество какво што е македонското. Се утврди дека индексот на човеков развој во РМ ја следи динамиката на раст на БДП per capita што всушност значи директна зависност на нивото на квалитет на живот на македонското население од растот на реалниот доход (реалниот БДП per capita). Според методологијата на рангирање на земјите според т.н. човеков индекс на развој, Република Македонија спаѓа во групата земји со среден развој.

Во овој труд можеби не толку детално, меѓутоа беа јасно истакнати и други аспекти на сиромаштијата во РМ, како на пример демографските карактеристики, потоа состојбата со образованието, потоа беа изнесени факти за актуелната ситуација во врска со здравствената состојба и заштита, како и домувањето како значаен аспект на сиромашните лица.

Посебно место во ова истражување доби невработеноста како најеклатантен социо – економски аспект на сиромаштијата, посебно во РМ. Па така, беше истакнато дека приватизацијата, во голема мера беше причина за масовно зголемување на стапката на невработеност, а тоа пак води кон зголемување на стапката на сиромаштија.

Невработеноста беше претставена детално, почнувајќи од дефинициите за овој поим, па неговата поделба на различни видови невработеност, беа накратко изнесени начините и методите со кои се мери овој феномен, за да на крајот беше илустрирана актуелната состојба во Република Македонија од аспект на невработеноста.

На крајот, треба да се согласиме дека е неопходна една заедничка визија за креирање на една стратегија за борба против сиромаштијата во Р. Македонија, која би имала неколку аспекти (Ацески, 2001:104)

Првиот аспект би се однесувал на фактот дека економскиот раст и развој треба да бидат пропорционално следени од динамиката на намалување на сиромаштијата.

Вториот сегмент би се состоел во фактот дека во Македонија, во релативна смисла, постојат 20% сиромашни граѓани. Неспорно е дека овој процес на масовно осиромашување на населението започна во почетокот на 90-те години, конкретно, со почетокот на транзициониот процес. Во таа насока, треба да се истакне дека борбата против сиромаштијата не треба да биде само посредна тенденција за поправеден систем, туку воедно, треба да претставува и непосредна акција за афирмација на вредностите на новото, капиталистичко општество, што пак, налага да секоја стратегија за борба против сиромаштијата, да биде со економска основа, и кадешто целта е јасно дефинирана без било какви идеолошки елементи.

Третиот аспект се однесува на профилите на сиромашни во Р. Македонија. Имено, во Македонија постојат два основни профили на сиромашни: едниот го сочинуваат сите оние кои станале сиромашни пред се, поради транзициски причини (веќе добро познатиот израз жртви на транзицијата), додека другиот дел го сочинуваат оние за кои помошта од државата е можеби единствениот начин да преживеат.

# 6. Листа на табели и графикони


1. Приказ на стапката на сиромаштија во транзиционите земји **стр. 36**
2. Нивото на БДП во 1997 година во некои од земјите во транзиција (1989 = 100%) **стр. 45**
3. Приватизацијата во Република Македонија (1990-1998) **стр. 47**
4. Општ број на вработени во Р. Македонија (1996-2004)**стр. 50**
5. Невработени според возраста во Р. Македонија **стр. 51**
6. Структура на сопственичкиот капитал во Словенија откако е завршена приватизацијата. **стр. 54**
7. Хрватска – резултати од прва фаза на приватизација. **стр. 56**
8. Фактори на квалитет на живот опфатени во индексот на квалитет на живот **стр. 77**
9. Број на вработени и невработени лица во РМ **стр. 80**
10. Графикон за стапката на сиромаштија во РМ (1999-2010) **стр. 75**

## 7. Библиографија

Алкок, Пит. 2008. *Разбирање на сиромаштијата.* Скопје: Магор.

Андреeска, Ирена. 2010. Сиромаштијата – најмаркантен феномен на глобалната економија, во *Социолошка ревија бр.IX-X,* pp: 97-105. Скопје: Здружение на социолози на РМ и Институтот за Социологија.

Ацески, Илија. 1995. *Општеството и човекот во транзиција.* Скопје: Експрес.

______. 1997. *Општеството и човекот во транзиција II.* Скопје: Екопрес.

______. 2002. *Општеството и човекот во транзиција III.* Скопје: Филозофски факултет.

Barro, R.J., 1999. *Inequality, growth, and investment.* NBER Working Paper no.7038.

Bejakovic, Predrag. 2003. *Siromastvo, nejednakost i socijalna iskljucenost u Euro-pskoj Uniji i Hrvatskoj.* Zagreb: Institut za javne finansije.

Bek, Ulrih. 2001. *Rizicno drustvo.* Beograd: Filip Visnjic.

Bradshaw, Ted. 2006. *Theories of poverty and anti-poverty programs in community development.* Los Angeles: University of California.

Влада на Република Македонија, 2005 и 2009. *Извештај на РМ за Милениумските Развојни Цели.* Скопје: Влада на Република Македонија.

Castells, Manuel. 2002. *Moc i identiteta informacisko doba – ekonomija, drustvo i kultura II.* Zagreb: Golden marketing.

Chossudovsky, Michel. 2003. *The globalization of poverty and The New World Order.* Pincourt (Quebec): Center for research on globalization.

Gans, Herbert J. 1995. *The War Against the Poor: The Underclass and Antipoverty Policy.* New York New York:Basic Books.

Garland, Allison. 2007. *Global poverty.* Washington: USAID report.

Garland, Allison & Ruble, Blair. 2008. *Global urban poverty: setting the agenda.* Washington, D.C.: Wooddrow Wilson International Center for scholars.

Гиденс, Ентони. 2003. *Забеган свет.* Скопје: Филозфски факултет.

Gidens, Entoni. 1998. *Posledice modernosti.*Beograd:Filip Visnjic.

Gilpin, Robert. 2001. *Global political economy.* Princeton: Princeton University press.

Grguric, Ivan. 2007. *Globalizacija, rast, nejednakost i siromastvo.* Zagreb: Ekonomski fakultet.

Група експерти. 2010. *Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020.* Скопје: Влада на Република Македонија.

Haralambos, Michael. 2002. *Sociologija: teme i perspective.* Zagreb: Golden marketing.

Harrison, Ann. 2005. *Globalization and poverty: Introduction.* Los Angeles: University of California at Berkeley.

Horvat, Branko. 1996. Istine i zablude o tranziciji, во *Ekonomski pregled vol 55,* Issues 1-4. Zagreb: Drustvo ekonomista Hrvatske.

Делевска, Снежана. 2005. *СДИ – пресвртница за развој.* Скопје: билтен на министерство за финансии.

Dokmanovic, Mirjana. 2003. *Zrtve i globalizacija - Ekonomska globalizacija i paradoksi.* Beograd: Filozofski fakultet.

Dollar, David. 2001. *Globalization, inequality and poverty since 1980.* London: Development research group, World Bank.

Дончев, Ден. 2010. *Странските директни инвестиции.* Скопје: Утрински весник бр.3263.

Доневска, Мариа, Димитриевска Весна и Новковска Благица. 2011. *Сиромаштија – Состојби во Македонија.* Скопје: Филозофски Факултет.

Dragutinovic, Stefan. 2009. *Svijetska ekonomska kriza i posljedice ekonomiji u Srbije.* Beograd: Filozofski fakultet.

Дракуловска, Марија. 2004. Приказ на социолошкото издание *Глобализацијата како нова ера во човечката историја,* во *Социолошка ревија бр.1-2,* pp: 157-161. Скопје:Здружение на социолози на РМ и Институтот за Социологија.

Draskovic, Veselin. 2006. *Globalizacija u ekonomskom kontekstu.* Podgorica: Montenegrin journal of economics, vol. 3.

Djurkovic, Misa. 2005. *Kapitalizam, liberalizam i drzava.* Beograd: Filip Visnjic.

Ѓуровска, Милева. 2006. *Социологија.* Скопје: Филозофски факултет.

Elgar, Edward & Major, Ivan. 1999. *Privatization and economic performance in Central and Eastern Europe.* Northampton: MA.

Ефтимоски, Димитар. 2003. *Економија на развој.* Скопје: Економски институт.

Ефтимоски, Димитар. 2008. Животниот стандард и квалитетот на животот на луѓето - теоретски аспекти и основни мерила, во *Ревија за социјална политика.*pp. 99-121.Скопје: Фридрих Еберт Фондација.

Јакимовски, Јорде. 2003. Социјалната положба на населението во РМ – *Сиромаштија, ексклузија и партиципација во социјалниот живот.* Скопје: Институт за социолошки и политичко - правни истражувања.

Јовановска, Елена. 2011. Словенија од земја за пример станува земја што се срами од криминалот. *Капитал.* Скопје.

Kaplinsky, Raphael. 2005. *Globalization, poverty and inequality.* Cambridge: Polity press.

Katsiaouni, Olympios & Gorniak, Jaroslaw. 2001. *Globalization and rural poverty in transition economies.* Krakow: Jagiellonian University.

Keller, Jan. 2005. *European journal of social theory 8: The Czech Republic 15 years later.* London: Sagepub.

Knack, S., Keefer, P., 1997. *Does social capital have an economic payoff?* A cross-country investigation. Quarterly Journalof Economics 112, 1251–1288.

Kornblum, William & Julian, Joseph. 2007. *Social problems twelfth edition.* New Jersey: Pearson Prentice Hall.
Лапе, Франсес и Колинс, Џозеф. 2005. *Дванаесет мита о гладу.* Београд: Клио.

Lazic, Mladen.1994. *Sistem i slom.* Beograd: Filip Visnjic.

Ling, Huan and Stepan, Alfred. 1998. *Demokratska tranzicija i konsolidacija.* Beograd: Filip Visnjic.

Листер, Рут. 2009. *Сиромаштија.* Скопје: Академски печат.

Macionis, John. 2007. *Sociology 11-th edition.* New Jersey: Pearson/Prentice Hall.

Мандер, Џери и Голдсмит, Едвард. 2003. *Глобализација.* Београд: Клио.

Маршал, Гордон. 2005. *Оксфордски речник по социологија.* Скопје:Ми-Ан.

Masika, Rachel. 1997. *Urbanization and urban poverty: A gender analysis.* Goteborg: Swedish International Development Cooperation.

Milanovic, Branko. 1995. *Poverty, inequality and social policy in transition economies.* London: The World Bank policy research department.

Miltojevic, Vesna. 2006. Odrzivi razvoj i kvaliteta zivota, во *Balkan u procesu evrointegracije – koncepcije razvoja i socijalne implikacije,* ed. Milorad Bozic, Nis: Centar za socioloska istrazivanja.

Митев, Геровска Маја. 2009. *Социјална димензија на економската криза: перцепции на граѓаните* во *Ревија на социјална политика.* Скопје: Фридрих Еберт Фондација.

Nes, Kejt. 2006.*Savremena politicka sociologija.*Beograd: Sluzbeni glasnik.

Петрески, Гоце. 2005. Невработеноста и економскиот раст во македонската економија, *Годишник на Економскиот факултет.* pp. 335-348. Скопје: Економски факултет.

Петрески, Гоце. 2007. Невработеноста и растот во Република Македонија, *Билтен на Министерството за финансии.*pp.77-83. Скопје: Влада на РМ.

Печулиќ, Мирослав. 2002. *Глобализација – два лика света.* Београд: Гутенбергова галаксија.

Пјашо, Давид и Хилс, Џон. 2009. *Социјално исклучување.* Скопје: Академски печат.

Polic, Nedzad. 2009. Model privatizacije i transformacija vlasnistva privatiziranog kapitala, *Ekonomski pregled br.60.* pp: 397-408. Sarajevo.

Prebisch, Raul. 1959. Commercial policy in the Underdeveloped countries, во American Economic Review vol. 49, pp: 251-273. Pittsburgh: American Economy Association.

Portes, Alejandro. 1995. Economic Sociology and the Sociology of Immigration: A Conceptual Overview.In the *Economic Sociology of Immigration: Essays on Networks, Ethnicity, and Entrepreneurship,* AlejandroPortes, ed. New York: Russell Sage Foundation.

Poznanski, Kazimierz. 1992. *Privatization of the polish economy: problems of transition.* Praga: Soviet studies volume 13.

Reeler, Doug. 2007. *A three-fold theory of social change.* Cape Town: CDRA.

Ристески, Славе. 2008. Невработеноста во РМ: карактеристики, структура и мерки, *Годишник на Економскиот факултет.* pp. 297-309. Скопје: Економски факултет.

Сасајковски, Славејко. Уредник. 2002. *Социјално – економските последици од приватизацијата во Република Македонија и Република Бугарија.* Скопје: Фондација Фридрих Еберт.

Skogly, Sigrun. 2001. *The human rights obligations of the World Bank and the International Monetary Fund.* London: Cavendish.

Славевски, Трајко. 1998. *Приватизација, пазар, држава.* Скопје: Екопрес-Магнаскан.

Sokcic, Simo. 2007. Privatizacija drustvenog/drzavnog vlasnistva, *Diacovensia I.* pp: 117124. Osijek.

Спасов, Николаеt al. 2009. *Влијанието на финансиската криза врз македонската економија и врз состојбата на домаќинствата.* Скопје: Фондација Фридрих Еберт.

Stiglic, Dzozef. 2002. *Protivrecnosti globalizacije.* Beograd: SBM-x.

Susser, Ida. 1982. *Norman Street: Poverty and Politics in an Urban Neighborhood.* New York: OxfordUniversity Press.

Teokarevic, Jovan. 2004. Tranzicija i integracija, vo*Evropski forum.* pp:10-18, Beograd.

The World Bank. 2002. *Transition: The First Ten Years – Analysis and Lessons for Eastern Europe and the Former Soviet Union.* Washignton, D.C.

Тодоровски, Илија. 2003. Нискиот општествен стандард како сегмент на сиромаштијата и улогата на државата и на локалната самоуправа во неговото надминување, *Социјалната положба на населението во РМ – Сиромаштија, ексклузија и партиципација во социјалниот живот.* Скопје: Институт за социолошки и политичко - правни истражувања, pp 34-45.

Townsend, Peter. 1979. *Poverty in the United Kingdom.* London: Low pay unit.

UNDP. 2001.Национален извештај за човековиот развој.*Социјалната исклученост и несигурноста на граѓаните на Македонија.* Скопје: СКЕ-НПОИНТ.

Van der Berg, Servaas. 2008. *Poverty and education.* Paris: The International Institute for Educational planning.

Vivareli, Marco & Lee, Eddy. 2006. *The social impact of globalization in the developpping countries.* Copenhagen: CSGR working paper No 199/06.

Vojnic, Dragomir. 1993. *Ekonomija i politika tranzicije.* Zagreb: Ekonomski institut.

Фондација Институт отворено општество – Македонија. Извештај за следење на процесот на децентрализација во РМ. 2011. *Перформанси на општините во Ре-публика Македонија 2008-2009; мислење на граѓаните за квалитетот на услугите во општините.* Скопје.

Хју, Питер. 2009.*Поим за глобална безбедност.*Скопје: Табернакул.

Чепујноски, Ѓорѓи. 2008. Социјалната политика, невработеноста, сиромаштијата и стареењето на населението, *Годишник на Економскиот факултет.* pp. 421-433. Скопје: Економски факултет.

Чонева, Љубица. 2001, Социјалните проблеми во контекст на сиромаштијата во Република Македонија, во *Тенденциите на сиромаштијата и можностите за нејзинот намалување*, pp: 51-59. Скопје: Фондација Фридрих Еберт.

Walby, Sylvia. 2009. *Globalization & inequalities, complexity and contested modernities.* London: SAGE.

Wallerstein, Immanuel. 1990. Culture as the ideological battleground, во M.Featherstone (ed), *Global culture: Nationalism, Globalization and modernity.* London: Sage.

Whitman, Sylvia. 2008. *Global issues: World poverty.* New York: Library of congress Cataloging.

Шолте, Јан Арт. 2008.*Глобализација – критички вовед.* Скопје: Академски печат.